ЗНМ

ПРИРАЧНИК ЗА

КЛЕВЕТА И НАВРЕДА

ЗНМ

ПРИРАЧНИК ЗА

КЛЕВЕТА И НАВРЕДА

Прирачник за клевета и навреда
Издавач: Здружение на новинарите на Македонија
Градски ѕид блок 13, 1000 Скопје, Македонија
www.znm.org.mk

Автори: Филип Медарски и Насер Селмани
Лектор: Ванѓа Димитрова
Печат: Европа 92
Тираж: 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
070.11:342.727(497.7)
МЕДАРСКИ, Филип
Прирачник за клевета и навреда / Филип Медарски, Насер Селмани. - Скопје : Здружение на новинарите на Македонија, 2015. - 64, 64 стр. : илустр. ; 15 см
Насл. стр. на припечатениот текст: Doracak për shpifje dhe ofendim. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и алб. јазик. - Публикацијата е во рамките на проектот "Развој на инклузивна на политика на медиумите"
ISBN 978-9989-2225-3-5
1. Селмани, Насер [автор]
а) Новинари - Слобода на информирање - Македонија б) Слобода на говор - Македонија в) Клевета - Правни аспекти - Македонија
COBISS.MK-ID 98138890

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британската амбасада во Скопје, во рамките на проектот „Развој на инклузивна политика на медиумите". Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада во Скопје

The British Embassy in Skopje supported the preparation of this publication, within the project "Inclusive media policy development". The content of this publication does not necessarily reflect the position or the opinions of the British Embassy in Skopje.

British Embassy Skopje

I Дел

Слободата на изразување

1.ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ ЗА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Слободата на изразување е една од најбитните граѓански и политички слободи, од причина што оваа слобода се однесува на сите други облици на индивидуални слободи. Слободата на изразување не е битна сама по себе, по своето тесно значење, туку многу повеќе заради тоа што од нејзиното остварување зависат речиси сите други гарантирани права и слободи. Многу мислители и филозофи имаат пишувано за слободата на изразување, како на пример Џон Лок или Џон Милтон, кои ја истакнуваат важноста од ограничувањето на цензурата, како предуслов за демократско владеење. Согласно сфаќањето на Милтон, слободата на изразување има повеќе аспекти, таа не ја опфаќа исклучиво слободата да се искажуваат или изразуваат информации и идеи, туку и слободата да се трага по информации или идеи, да се примаат информации или идеи и да се пренесуваат информации или идеи.

Врз ваквата дефиниција на Милтон се втемелени повеќето модерни дефиниции во меѓународните документи за заштита на правата на човекот и граѓанинот. Така, членот 19 од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) од 1948 година слободата на изразување ја дефинира на следниот начин:

„**Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво**

вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиуми од секаков тип без оглед на границите".

Подоцна, ова право беше заштитено во член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП) (усвоен на 16 декември 1966 година, а влезен во сила на 23 март 1976 година). Во Европа заштитата на правото за слободно изразување беше воспоставена порано. Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (позната и како Европска конвенција за човекови права или ЕКЧП) беше усвоена во 1950 година, а влезе во сила во 1953 година. Согласно членот 10 став 1 од Конвенцијата :

Секој човек има право на слобода на изразување. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да доделуваат лиценци за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос и кината.

2. СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

Слободата на изразување е многу тесно поврзана со слободата на медиумите, односно нема слобода на изразување без слободни медиуми. Така, важноста на медиумите ја согледал уште Наполеон Бонапарта и ја срочил во следната максима: **„Новинарот е коректор, цензор, советник, монарх над кралевите, водич на нациите. Четири непријателски весници се пострашен непријател од илјадници бајонети".**

Европскиот суд за човекови права директно ја поврзува слободата на изразување со слободата на медиумите и печатот, на пример во Пресудата Sunday times v. UK, број 2 од 1991 година заклучува дека: **„... на печатот му е доделена најширокатa можна заштита, вклучувајќи ги тука подготвителните дејства пред самото објавување, како истражувањето и анализите што ги прават новинарите...".**

Во многу пресуди, овој Суд потенцира дека: **„...улогата на медиумите како куче-чувар (public watch-dog) на јавноста е витална за демократскиот политички процес".** (Пресуда Sunday times v. UK, број 1 од 1979 година). Улогата на медиумите во креирањето на јавното мислење е битна како во политичкиот процес, така и во процесот на **„...стимулирање критичка дебата за други прашања од јавен интерес".**

3. ОГРАНИЧУВАЊА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

Слободата на изразување и покрај своето значење, во современите демократски држави не е и не може да биде апсолутно право (како на пример, забраната за тортура). Со сите погореспоменати меѓународни документи, со кои таа се гарантира, се пропишуваат и нејзините ограничувања. Генерално, слободата на изразување е ограничена со правата на другите. Секогаш кога постои колизија на слободата на изразување со некое право на другите, мора да постои соодветна правна рамка која ќе регулира кое право има предимство. На пример, со прописите за клевета и навреда слободата на изразување се ограничува заради заштитата на честа и угледот и приватноста на другите индивидуи. Кое од овие права ќе има предимство во соодветен случај ќе зависи од соодветната правна рамка и конкретните околности на случајот, а судот е органот кој ќе мери до каде е слободата на изразување, а од каде започнува потребата за заштита на честа и угледот и приватноста на другите.

Во практично најважниот меѓународен документ за нас (ова заради воспоставениот ефикасен механизам за заштита - судот), Европската конвенција за човекови права, ограничувањето е пропишано во ставот 2 од членот 10 на следниот начин:

„Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и одговорност, може да се подложи на формалности, услови, рестрикции или казни определени со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за заштита од немири или кривично дело, на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за заштита од откривање доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на правосудството".

Согласно ваквата дефиниција на „...формалностите, условите, рестрикциите и казните..." (или со еден збор - ограничувањата) на слободата на изразување, за да постои легитимно ограничување на слободата на изразување, потребно е да бидат исполнети следните услови: 1. ограничувањето да биде пропишано со закон; 2. ограничувањето да биде насочено кон остварување на легитимна цел, изрично пропишана со ставот 2 од членот 10 и 3. ограничувањето да биде неопходно во едно демократско општество. Исполнувањето на овие три услови го подразбира познатиот трипартитен тест, кој мора да е исполнет, за да се ограничи легитимно слободата на изразување.

При секое испитување дали со определено ограничување на слободата на изразување државата ја има повредено слободата на изразување од член од Конвенцијата, Европскиот суд всушност го спроведува трипартитниот тест. Заради ова, препорачливо е националните судови при донесувањето одлуки во предмети од оваа област (како на пример во постапките за клевета и навреда) и самите да постапуваат на истиот начин, заради потенцијалната можност нивните одлуки да бидат предмет на преиспитување во Судот.

Заради важноста на трипартитниот тест, во продолжение ќе бидат разгледани трите негови делови, односно ќе видиме што значи ограничување пропишано со закон или законито, насочено кон остварување на легитимна цел и „неопходно во едно демократско општество".

При практичната примена на трипартитниот тест, најпрвин се испитува дали ограничувањето е пропишано со закон, па дали е насочено кон остварување на легитимна цел, па финално, дали е „неопходно во едно демократско општество". Доколку се утврди дека не е законито, се утврдува повреда и натамошното испитување запира. Истото се однесува и доколку се утврди дека не е насочено кон остварување на „легитимна цел" - понатаму не се испитува дали ограничувањето е „неопходно во едно демократско општество".

4. ПРОПИШАНО СО ЗАКОН

Прв услов на трипартитниот тест е ограничувањето да биде законито или пропишано со закон. Притоа, терминот „закон" во јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права не го опфаќа само законот во класична смисла како (после Уставот) највисок правен акт, кој се донесува од националниот законодавен дом, а е потпишан од шефот на државата (претседателот или монархот). За да се акомодираат на правните култури на земјите на common-law традицијата (каде што судската пракса има третман на извор на правото), зборот „закон" од страна на Судот во Стразбур е сфатен така за да вклучи не само пишани, туку и непишани закони. Тој ги опфаќа и прописите донесени од страна на разни управни или професионални тела, на кои се пренесени нормативни и дисциплински овластувања. Во некои случаи, на определени норми на меѓународното право им се признава важење на „закон" во оваа смисла.

За да биде една норма „закон" во оваа смисла, мора да исполни два поттеста: мора да биде достапна и да биде јасна (или предвидлива). Нормата

е достапна, доколку граѓанинот е **„...во состојба да има индикација, која е адекватна во околностите, а во врска со правната основа, применлива на соодветен случај“**(Пресуда Sunday time v. UK, број 1 од 1979 година). Иако оваа дефиниција може да изгледа малку сложена, во пракса ова прашање многу ретко предизвикува материјална дискусија.

Од друга страна, јасноста (или предвидливоста) на нормата почесто се јавува како проблем, кој може да доведе до оценка за повреда на слободата на изразување. Судот во Пресудата Muller and Others v. Switzerland од 1988 година, зазел став дека **„...една норма не може да се смета како 'закон', ако не е формулирана со доволна прецизност да му овозможи на граѓанинот, ако е тоа потребно и со соодветен совет, да ги предвиди, во степен кој е разумен во соодветните околности, последиците кои можат да произлезат од некое дејство...“.**

Ова опфаќа две можни ситуации во пракса. Првата е самата норма да не е доволно јасна и да пружа можност за повеќе различни толкувања, така што субјектот на кого му е ускратено правото немал можност да предвиди дека на определено негово поведение (во сферата на слободата на изразување) ќе се надоврзе определена санкција. Другата е ситуација кога имаме јасна норма, но органот кој ја применува ја толкува арбитрарно, со цел (нелегитимно) да интервенира во нечија слобода на изразување.

Но ова не смее да значи поставување на невозможна задача за националниот законодавец во постигнувањето апсолутна прецизност во врамувањето на законите. Судот допушта законите да бидат формулирани со флексибилни, па дури и со општи термини, за да се избегне претерана крутост и да се зачува чекорот со околностите, кои се менуваат. За да се илустрира кои се барањата на Судот во поглед на јасноста на законот, во продолжение ќе бидат презентирани две одлуки.

Во случајот Karademirci v. Turkey, Пресуда од 2005 година, група лица, членови на Лекарската комора на Турција, откако свикале прес-конференција, прочитале јавно изјава во која изнеле определена критика во врска со начинот на функционирање на образовниот систем во областа на здравството. Согласно член 44 и член 82 од Законот за здруженија, здружението или членови на здружението не смееле јавно да објавуваат или дистрибуираат летоци, пишани изјави или „слични публикации“, без претходно решение на нивниот извршен

Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) од 1948 година

Европскиот суд за човекови права во Стразбур

одбор и без претходно да ги достават до јавниот обвинител на проверка. Повреда на оваа обврска претставувала кривично дело, па лицата, кои јавно излегле со изјавата биле кривично гонети и биле осудени на затворска казна од три месеци, подоцна заменета со условна парична казна.

Меѓутоа, Судот во Стразбур ценел дека фактот што оваа одредба била применета во соодветната ситуација, кога имаме усна изјава (а не јавно објавување или дистрибуирање летоци, пишани изјави или „слични публикации", како што пропишувал законот), значи дека нормата не била доволно јасна или предвидлива за да можат апликантите да ја предвидат последицата, што би ја предизвикало преземеното дејство. Со тоа, не бил исполнет првиот предуслов од трипартитниот тест, односно ограничувањето на слободата на изразување не можело да се смета дека е „пропишано со закон", па била утврдена повреда на членот 10 од Конвенцијата.

Спротивно на ова, во случајот Markt Intern Verlag v. FRG, Пресуда од 1985 година, Судот оценил дека германскиот закон за нелојална конкуренција, кој барал „чесни практики" го задоволил тестот на предвидливост и покрај широката дискреција дадена на националните судови во определувањето на непрецизниот јазик. Оваа оценка на Судот се засновала и врз оценката дека областа, која била предмет на регулација била во постојана еволуција и регулацијата нужно морала да биде поширока, за да ги опфати сите промени во оваа област. Од друга страна, на ваквата оценка на Судот влијаело и постоењето на „јасна и обемна" судска практика и „екстензивни академски коментари" во врска со начинот на толкување и примената на спорната законска одредба. Сето ова придонело поединците да можат да ги согледаат и предвидат последиците од постапувањето спротивно на оваа одредба, што значело дека имаме предвидлив „закон" во смисла на стандардот на Судот.

5. НАСОЧЕНО КОН ОСТВАРУВАЊЕ НА „ЛЕГИТИМНА ЦЕЛ"

Легитимните цели се јасно пропишани со ставот 2 од членот 10 од Конвенцијата и не може да постои легитимно ограничување на слободата на изразување, доколку истото не е насочено кон остварување на некоја од вака пропишаните цели. **Согласно ставот 2 член 10 од Конвенцијата, слободата на изразување може да се ограничи заради:**

- **интерес на државната безбедност**
- **територијалниот интегритет или јавната безбедност**
- **заштита на редот, спречување на немири и кривични дела**
- **заштита на здравјето или моралот**
- **заштита на угледот или правата на другите**
- **заштита од откривање доверливи информации**
- **одржување на авторитетот и непристрасноста на правосудството**

Иако се чини дека листата на „легитимни цели“ е прилично екстензивна и застрашувачка од аспект на новинарите, не е доволно државата едноставно да се повика на „национална безбедност“ или на некое од другите достапни ограничувања и со тоа да ги прекрши човековите права. Постои добро утврден процес за одлучување дали правото на слобода на изразување (или кое било друго човеково право) може да биде ограничено.

Од друга страна, согласно постојната пракса на Судот во Стразбур, прашањето дали определено ограничување е насочено кон остварување на „легитимна цел“, ретко кога генерира материјална дискусија. Постојат многу малку пресуди каде што е утврдена повреда заради непостоење на „легитимна цел“ на ограничувањето.

6. НЕОПХОДНО ВО ЕДНО ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО

Третиот дел од трипартитниот тест, односно неопходноста на ограничувањето на слободата на изразување во едно демократско општество е она што во пракса најчесто го задржува вниманието на Судот. Ова ја нагласува претпоставката дека ограничувањето на правото е последна опција и секогаш мора да биде пропорционална со целта која треба да се постигне. „Неопходно“ е посилен стандард од „разумно“ или „пожелно“, меѓутоа, ограничувањето не мора да биде „апсолутно неопходно“ (како што тоа се бара кога, на пример, се работи за ситуации на лишување од живот на некое лице, согласно ставот 2 од членот 2 од Конвенцијата).

Значи, при испитувањето дали ограничувањето е неопходно во едно демократско општество, Судот воспоставува баланс помеѓу тоа со која мерка е ограничена слободата на изразување од една страна и која легитимна цел се штителa со вака преземената мерка од друга страна. Најпрво, за да се примени

некоја мерка за ограничување на слободата на изразување, нужно е за тоа да постои „силна општествена потреба“.

Доколку постои таква „силна општествена потреба“, државата на располагање има широк дијапазон мерки за заштита на легитимните цели, а која од овие мерки ќе ги примени, спаѓа во нејзина диспозиција. Меѓутоа, во постапката пред Судот во Стразбур ќе има обврска да докаже дека за остварување на таа легитимна цел, не постоела поблага мерка, која во соодветниот случај можела ефикасно да ја употреби. Така, Судот во Стразбур ја задржува надлежноста да одлучи дали националните власти приложиле и „релевантни и задоволителни“ причини за оправдување на мерките на мешање.

За да илустрираме како овој концепт функционира во праксата на Судот во Стразбур, може да земеме пример со мерките кои се преземаат за заштита на легитимната цел „заштита на угледот или правата на другите“. Угледот на другите се штити со правниот механизам за утврдување на постоење на клевета и навреда и мерките кои се преземаат за санкционирање на лицето, кое наклеветило или навредило. За Судот во Стразбур не е спорно дека заштитата на угледот е легитимна цел, заради која може да се ограничи слободата на изразување, односно да се санкционира лицето кое со изречена клевета наштетило на туѓа чест и углед. Меѓутоа, во Пресудата Cumpana and Mazare v. Romania од 2004 година, Судот зазел став дека доколку клеветата е сторена преку печат, изрекувањето на затворската казна како мерка, со која се ограничува слободата на изразување никогаш нема да е компатибилна со легитимната цел (во случајот, заштита на честа на другите), заради која се изрекува. Во оваа Пресуда Судот резонира дека во други случаи, кога се стреми да се остварат други легитимни цели, како да се спречи говор на омраза или поттикнување на насилство во принцип и затворската казна како мерка не е исклучена, но никако кога се работи за случај на клевета. Од овој пример може да се види како Судот во Стразбур го воспоставува балансот - легитимна цел која се стреми да се оствари, во случајот заштита на угледот на друго лице, со мерката која се презема за остварување на таа цел, односно изрекување затворска казна (во случајот, условна затворска казна) за изречена клевета и како утврдува диспропорција, односно непостоење на „неопходност во едно демократско општество“. Доколку се утврди дека не постои „неопходност во едно демократско општество“ се утврдува и повреда на слободата на изразување од членот 10 од Конвенцијата.

СЛОБОДА
на говор



II Дел

Клеветата како правен институт

1. ОШТИ ЗАБЕЛЕШКИ ЗА КЛЕВЕТАТА

Корените на клеветата како правен институт може да ги најдеме уште во Римското право. Така, Законот за клевета датира уште од Римското Царство, а кривичното дело *libellis famosis* понекогаш било казнувано со смрт. Иако денес казните и трошоците поврзани со клеветата не се толку сериозни, тие сепак имаат озлогласен „застрашувачки ефект" и носат ризик од затворски казни или исплаќање големи парични надоместоци од новинарите во многу земји.

Се уште постојат многу држави во светот во чии законодавства клеветата се третира како кривично дело, а како една од санкциите е предвидена и затворска казна. Р. Македонија спаѓаше во оваа група на земји се до целосното декриминализирање на клеветата во ноември 2012 година и донесувањето на новиот Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда.

2. ОБЈЕКТ НА ЗАШТИТА КАЈ КЛЕВЕТАТА - ЧЕСТА И УГЛЕДОТ

Основа за постоење на правниот институт на клеветата е потребата да се заштити честа и угледот на субјектите (како физичките, така и правните лица). Всушност, прописите за клевета го разрешуваат судирот помеѓу две исклучително битни општествени добра, честа и угледот на поединците и слободата на изразување. Овие прописи определуваат до каде се границите на слободната критика, а од каде критиката престанува да ужива заштита

во рамки на слободата на изразување и преминува во нешто што треба да се санкционира, заради заштита на честа и угледот на другите. Освен разрешувањето на ваквиот судир, што во суштина се сведува на дефинирање на клеветата (и во некои законодавства, меѓу кои и нашето, одделно дефинирање на навредата), овие прописи ги определуваат и санкциите за клевета, основите за исклучување на одговорноста за клевета, прашањето за извинување, реакција и демант како средства за ублажување на штетата по честа и угледот, прашањето за основата, висината и условите за определување на надоместот за клевета (одделно од санкцијата) итн.

Што е „углед"? Концептот на „углед" не е јасен, не постои универзална дефиниција за тоа што е углед, а тоа може да претставува и опасност поради фактот дека тој може да биде користен како основа за ограничување на човековите права. Кога зборуваме за угледот како објект на заштита, се поставуваат низа прашања. На пример, дали постои „негативен углед" или можеби подобро формулирано „негативна репутација"? Дали и таа ужива заштита? Понатаму, се поставува прашањето за угледот на јавна или позната личност? Дали јавната личност има поголем углед од обичниот граѓанин? Дали угледот има врска со тоа колку луѓе имаат слушнато за вас? Ако одговорот е да, тогаш веројатно нарушувањето на угледот на тие луѓе ќе биде многу поголемо. Со овој пристап се отвора можност за злоупотреба на законите за клевета од страна на јавните личности. Тоа не е идејата при воспоставувањето на механизмот за заштита и за да се избегнат дилемите, кои произлегуваат од овие прашања, можеби е најсоодветно поимот „углед" да се поврзе со поимот „достоинство". Достоинството е вредност која секоја индивидуа ја поседува и тоа нужно мора да биде заштитено во секое општество. Законите за човекови права имаат за цел да го штитат достоинството - еднакво за сите луѓе, без разлика дали се познати личности или не.

Во одредбите на модерните закони за човекови права, клеветата вообичаено се дефинира како „противзаконски напад" на „честа и угледот", дефинирани во член 17 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права. Европската конвенција изрично не го штити правото на „чест и углед" на ваков начин, но во одделни пресуди му признава заштита во рамки на правото на приватноста, семејниот живот и неповредливоста на домот и преписката од членот 8 од Европската конвенција. Така, во Пресудата Sipos v. Romania, 2004, Судот во Стразбур утврдил дека државата има позитивна обврска да преземе дејства во насока на заштита на честа и угледот на поединците под нејзина јурисдикција, а врз основа на членот 8 од Конвенцијата.

Од друга страна, самите одредби со кои се гарантира заштитата на слободата на изразување, ја признаваат заштитата на угледот како легитимна цел за ограничување на слободата на изразување. Така и членот 19 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права и членот 10 од Европската конвенција користат идентични зборови за правата и угледот на другите (иако не во истиот редослед) како легитимна основа за ограничување на правото на изразување.

3. КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ЈАВИ КАКО ТУЖИТЕЛ ЗА КЛЕВЕТА?

Значи, неспорно е дека објект на заштита на прописите за клевета претставуваат честа и угледот на субјектите. Она што е спорно и што отвора дискусија е прашањето чија чест и углед треба да бидат заштитени со овие прописи. Се поставува прашањето дали умрено лице, дали група лица, член на групата (ако самиот не е наклеветен), државните институции, дали државните симболи се заштитени со овие прописи? Одговорот е дека не би требало да уживаат таква заштита, иако постојат многу различни решенија во законодавствата на државите во поглед на овие прашања.

Кога се работи за честа и угледот на починато лице, односно можноста блиските роднини на ваквото лице да водат постапка, нашиот Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда тоа изрично го дозволува во одредбата од ставот 3 од членот 19. Претходно, пред донесувањето на овој закон, не постоеше можност таква заштита да се остварува во кривична постапка. На линија на нашиот сегашен закон е и праксата на Судот во Стразбур, кој во Пресудата Putistin v. Ukraine, 2013, признава право на наследниците да водат постапка за заштита на честа и угледот на починато лице.

Во многу земји сè уште постојат закони кои дозволуваат да се поднесе тужба за клевета (или навреда или религиозна клевета или нешто слично) за секоја од групите и субјектите наведени погоре. Меѓутоа, тие не содржат легитимни основи за ограничување на слободата на изразување врз основа на заштитата на угледот. Веројатно постојат разумни аргументи за ограничување на говорот на омраза, на пример, кон религиските групи, но ваквите случаи не треба да бидат вклучени во закони за клевета. Основата за интервенција на државата во слободата на изразување во тие случаи треба да се бара во легитимната цел - спречување на нереди и кривични дела, а не во заштита на „угледот на другите“.

Согласно Пресудата Busioc v. Moldova од 2004 г. јавните службеници мораат да бидат заштитени од навредливи и дефаматорни напади...

...додека во пресудата Steur v. Netherlands, 2003 г., Судот заклучил дека јавните службеници кои се на власт мораат да толерираат поголема критика насочена кон нивните зборови и дела“

Нашиот Закон за граѓанска одговорност за клевета, за разлика од многу други закони (како на пример, францускиот) не им дава можност на носителите на јавни функции да тужат во нивното официјално својство. Поточно, нивните функции не се заштитени со овој правен механизам. Така на пример, Претседателот на државата може да тужи како физичко лице, доколку биде изложен на неоснована критика како поединец, но никако не може да тужи во неговото официјално својство како Претседател. Ова не беше случај до декриминализицијата на (скоро) целата глава кривични дела против честа и угледот од Кривичниот законик во ноември 2012 година. Дотогаш, Претседателот на државата и други носители на јавни функции беа заштитени со посебни инкриминации во главата на кривични дела против честа и угледот. Сега во Кривичниот законик остана заштитата на честа и угледот на Република Македонија и државните симболи (во членот 178 од Кривичниот законик).

Многу закони за клевета се користат за да се адресираат прашања кои по правило треба да бидат опфатени со други закони (или воопшто да не бидат опфатени со закон). Законите за клевета особено се злоупотребуваат за да се казни критика кон владини или јавни службеници. Иако, согласно Пресудата Busioc v. Moldova, 2004, **„...јавните службеници мораат да бидат заштитени од навредливи и дефаматорни напади, кои имаат за цел нарушување на нивното извршување на должностите и на јавната доверба во нив...“**, во една друга одлука, Пресудата Steur v. Netherlands, 2003, Судот заклучил дека „**... јавните службеници кои извршуваат определена власт мораат да толерираат поголема критика насочена кон нивните зборови и дела“.** Значи, неспорно е дека јавните службеници треба да уживаат некоја заштита, но опсегот на таа заштита секако е помал од оној на приватните лица, чиј углед е примарно заштитен со правниот механизам за клевета.

Спорно е и прашањето дали државните институции и јавните претпријатија, кои имаат својство на правно лице се заштитени со прописите за клевета, односно дали можат да се јават како тужители во овие постапки. Нашиот закон не дава директен одговор на ова прашање. Во одредбата од член 8 став 2 нашиот закон изрично дава можност да биде заштитен и угледот на „...правно лице, група лица или умрено лице“. Иако државните институции и јавните претпријатија имаат статус на правни лица, се чини дека не било интенција на законодавецот да им даде и на нив можност да тужат во овие постапки (во спротивно, би било изрично предвидено дека и тие можат да се јават како тужители). Дополнително, Судот во Стразбур во Пресудата Lombardo and others v. Malta, каде утврдува дека постои повреда на членот 10 од Конвенцијата,

аргументира дека од причините за ваквата одлука е токму тоа што тужител во постапката пред националните судови бил органот на локална самоуправа (Советот на Општината). Претходно, во кривична постапка правните лица воопшто не можеа да се јавуваат како приватен тужител во постапката.

4. КЛАСИФИКАЦИЈА НА КЛЕВЕТАТА

Во некои правни системи, терминот клевета е поделен на *пишана клевета* и *усна клевета*. Првиот се однесува на погрдна изјава, која е објавена во пишана или во некоја друга форма на емитување (тоа е англискиот термин libel). Наспроти ова, усната клевета се однесува на изјава која е кажана приватно и не е зачувана во никаква трајна форма (што одговара на терминот slander во англискиот јазик).

Друг сличен концепт се појавува во некои правни системи: *навреда* (или *desacato* во неговата позната шпанска форма). Овој термин се однесува на „навредување“ управи (како, на пример, монархија), симболи (како, на пример, знамиња и други обележја) или институции (како државата или законодавно тело). Тој не се совпаѓа целосно со интернационално прифатената дефиниција за заштита на угледот и не се работи за концептот на навреда, регулиран со нашиот закон, но бидејќи е регулиран во многу земји како тип на клевета, даден е и во овој прирачник.

Некои модерни правни системи, исто така, содржат навреди кои потекнуваат од двата римски закони: *iniuria* и *calumnia*, кои се однесуваат на давањето лажни изјави за некоја личност.

Во нашиот закон, имаме разликување на клевета и навреда. Така, согласно став 1 од член 8 од Законот: „За клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити“. Дефиницијата на навредата е дадена во став 1 член 6 од Законот, па така, за навреда одговара тој што: „ со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази за друг понижувачко мислење, со кое се повредува неговата чест и углед“.

Генерално, иако малку предолга, нашата законска дефиниција за клеветата одговара на дефиницијата, усвоена во другите правни поредоци и стандардите на Судот во Стразбур. Од друга страна, спорна е дефиницијата за навредата. Најпрво, во многу правни системи, навредата како правен институт воопшто ја

нема во оваа ниту во која било друга форма. Ова произлегува од сфаќањето дека со навредата не се изразува некоја невистина, која би била штетна за честа и угледот, туку се изразува мислење или вредносен суд. Тргнувајќи од тоа дека слободата на формирање мислење е апсолутна, спорно е да се санкционира некој за искажано мислење (колку и да е тоа омаложувачко и штетно за честа и угледот на другите индивидуи). Доколку во нашето законодавство се пристапи кон реформирање на законодавството од оваа област, треба многу сериозно да се размисли за укинување на концептот за одговорност за навреда.

5. КРИВИЧНА КЛЕВЕТА

Многу закони за клевета имаат произлезено од законите за кривични дела или се предвидени во кривичните закони. Ова во суштина потекнува од концептот дека постои јавен интерес за државата да покренува кривични постапки против лица кои наштетиле на нечија чест и углед, нешто што оди подалеку од правото на индивидуата да го заштити својот углед. Тоа е тесно поврзано со концептот на противдржавно дејствување (клеветење на власта или државата), со кое се казнува говорот или други начини на изразување критика кон владата или државата. Сепак, сè почесто концептот на кривична клевета се смета за застарен и анахрон.

Има многу препораки од релевантни меѓународни фактори клеветата да се декриминализира, односно наместо кривична, да се пропише исклучиво граѓанска одговорност за клевета. Аргументите за ова најдобро се сумирани во препораката на Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување на Обединетите нации на следниот начин: „Законите за кривична клевета претставуваат сериозна закана за слободата на изразување поради типот на казни кои можат да се изречат при пресуда и прогласување на обвинетиот за виновен. Како потсетување, голем број интернационални органи ја осудија заканата од санкции со казна затвор, без разлика дали станува збор за клеветнички изјави или поопшти случаи како мирно искажување ставови... Меѓународното право, исто така, ги поддржува ставовите дека владите и јавните органи не треба да имаат улога во носењето одлуки при клевета или навреда. Комитетот за човекови права, на пример, повика на укинување на кривичното дело „клеветење на државата“. Иако Европскиот суд за човекови права ги нема целосно прогласено за недопуштени тужбите за клевета од страна на владите, сепак, ги има ограничено таквите тужби за ситуации каде што е загрозен јавниот ред, со што имплицира дека

владите не може да покренат тужба за клевета само за да ја заштитат својата чест. Голем број национални судови (на пример, во Индија, Јужна Африка, Велика Британија, Соединетите Американски Држави, Зимбабве) имаат забрането службени лица или претставници на органи на власта да покренат тужба за клевета".

Иако Европскиот суд за човекови права целосно не ја отфрла можноста за кривична регулатива на клевета инсистира на определени стандарди, кои мора да бидат исполнети за легитимна осуда за клевета. Така, затворската казна во ниеден случај не е соодветна санкција, дури и кога ќе се утврди дека постои одговорност за клевета. Кога одговорноста за клевета се утврдува во кривична постапка, правилата за товарот на докажување мора целосно да се применат. Ова подразбира утврдување на вина согласно добро познатиот стандард „надвор од секакво разумно сомневање"(„beyond all reasonable doubt"), за да може да се дојде до осуда.

Изјавите кои се предмет на осуда мора да се невистинити. Ова значи дека се работи за фактички тврдења (а не вредносни судови), кои не се вистинити. Од друга страна, субјективниот елемент мора да се состои во постоење на доказ за сознанието на лицето дека се работи за изнесување невистини. Не е доволно само да постои доказ за изнесени невистини, туку мора и да се докаже дека лицето кои ги изнело, знаело дека се работи за невистини или постапувало со грубо невнимание во однос на тоа. Кривично - правниот механизам за заштита треба да се избегнува секогаш кога постои можност за водење на граѓанска, наместо кривична постапка.

6. ГРАЃАНСКА КЛЕВЕТА

Постои општоприфатена согласност дека треба да постојат некакви механизми за оние кои сметаат дека нивниот углед бил неправедно нарушен. Најсоодветен механизам за утврдување на одговорност на лицето, кое наклеветило и за репарирање на штетата по честа и угледот на наклеветениот, согласно меѓународните стандарди, се чини дека е граѓанско - правниот механизам. Тоа се оправдува со фактот дека е претежен индивидуалниот, а не јавниот интерес за заштита на честа и угледот, па треба да се остави на диспозиција на субјектот да оцени дали ќе води постапка. Дополнително, кривичните санкции не се најсоодветниот начин за репарирање на повредите на честа и угледот.

Кога зборуваме за клевета, без разлика дали кривична или граѓанска, суштината е во нанесувањето штета на честа и угледот. Меѓутоа, се поставува

прашањето дали секое објавено фактичко тврдење, кое е штетно за честа и угледот е клеветничко? Или, формулирано малку поинаку, дали тврдење кое е вистинито, но е штетно за честа и угледот, може да претставува клевета? На пример, новинар објавува (вистина) дека политичар кој јавно се залага за промовирање на семејните вредности има вонбрачна афера. Дали ваквата објава, иако е јасно дека е штетна за честа и угледот, може да претставува клевета?

Во нашиот Кривичен законик, пред декриминализирање на целата Глава осумнаесет - Кривични дела против честа и угледот, постоеше кривично дело изнесување на лични и семејни прилики, за чие постоење беше ирелевантно дали она што се изнесува е вистинито или не. Суштината на делото беше изнесување или пронесување нешто од личниот и семејниот живот на некое лице, што е штетно за неговиот углед. Така, доколку оваа одредба ја применевме на гореопишаната фактичка ситуација со политичарот кој има вонбрачна афера, ќе дојдевме до заклучок дека постои кривична одговорност на новинарот и дека тој треба да биде огласен за виновен, колку и да изгледа тоа нелогично и неприфатливо. Меѓутоа, со декриминализацијата на целата глава Осумнаесет од Кривичниот законик во ноември 2012 година, беше избришано и ова кривично дело.

Во граѓанска постапка, согласно одредбите на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, не може да се утврди одговорност за клевета за изјава, која е вистинита. Ова е на линија на имплементирање на принципите на Европскиот суд за човекови права, кој во повеќе пресуди потенцира дека вистинита објава, колку и да е штетна за честа и угледот, не може да биде предмет на осуда за клевета.

Што ако некое тврдење не е точно? Тоа можеби ќе биде штетно за угледот на личноста, но дали тоа значи дека автоматски станува збор за клевета? Во изминатиот половина век се развиваше еден тренд со кој *разумна објава* не се казнува, дури и ако не е целосно вистинита. Терминот „разумна објава“ ја опфаќа идејата дека авторот ги има преземено сите разумни чекори за да ја осигури точноста на неговата објава и, исто така, дека објавата претставува прашање од јавен интерес. Преземањето на сите разумни чекори вообичаено значи дека новинарот (или медиумот) се раководел од важечките новинарски стандарди при подготовката и објавувањето на веста, на пример, се обидел вистинитоста да ја провери и од други извори, се обидел да земе изјава и од другата страна, пред објавување итн.

III Дел

ПОЗНАЧАЈНИ СТАНДАРДИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА ПРАШАЊЕТО НА КЛЕВЕТАТА

1. ГЕНЕРАЛЕН ПРИСТАП НА СУДОТ ВО ПРЕДМЕТИ ЗА КЛЕВЕТА

Трипартитниот тест, кој се применува за да се оцени дали во еден одделен случај има легитимно ограничување на слободата на изразување, има свои специфики во предмети каде станува збор за утврдена клевета од страна на националните судови. Во оваа глава ќе ги разгледаме овие специфики при примена на третиот дел од трипартитниот тест, односно утврдување на постоење од „неопходност во едно демократско општество" на интервенцијата на државата.

Европскиот суд за човекови права применува доктрина за „маргината на процена". Таа се однесува на флексибилноста дадена на секоја држава при примена на Европската конвенција за човекови права. Во случаи на политички говор, на пример, маргината ќе биде многу мала, бидејќи ова се смета како заедничка вредност од големо значење. Маргината ќе биде значително поголема во случаи на прашања од областа, на пример, на „јавен морал", бидејќи ова е област на поголеми културни разлики меѓу европските земји.

Генерално, Судот при оценувањето дали постои пропорционалност на интервенцијата ќе ги истражи конкретните околности на случајот, а пред се:

1. природата на интервенцијата;
2. позицијата на апликантот и статусот на жртвата на клеветата;

3.предметот на оспорената изјава;

4.причините за интервенцијата, кои ги изнеле националните власти;

5.медиумот преку кој изјавата е пренесена, односно степенот на дисеменација на спорната изјава итн.

На пример, во Пресудата Lindon, Otchakovsky-Laurens and July v. France, 2007, токму природата и степенот на публицитет, кој го добила спорната изјава било клучно во оценувањето на дозволената реакција од страна на државата. Фактот што дефаматорната изјава била пренесена од страна на национален весник со огромен тираж придонел да не се оцени дека националната држава ги пречекорила границите на прифатливо мешање.

Понатаму, битно е дали се работи за писмена или усна изјава. Така, став на Судот во Стразбур е дека: **„...истите оние изјави кои би можеле да се опишат како навредливи ако се изразени во писмена форма, можат да не ги пречекорат границите на прифатлива критика, кога се направени вербално, и особено ако се спонтани реакции во текот на жестока дебата"**(Пресуда Fuentes Bobo v. Spain, 2000). Во продолжение ќе разгледаме некои од најважните принципи, на кои инсистира Судот во своите пресуди од оваа област.

1. ДИСТИНКЦИЈА ПОМЕЃУ ФАКТИ И ВРЕДНОСНИ СУДОВИ

При оценката за „неопходност во едно демократско општество" на интервенцијата, Судот задолжително анализира дали изјавите, кои се предмет на интервенцијата се изјави за факти или „вредносни судови". Изјавите за факти треба да се докажуваат и вообичаено товарот на докажување на нивната вистинитост паѓа на лицето кое ги изнесува или пренесува. Од друга страна, вредносните судови, како што се коментарите или мислењата, се смета дека не се подложни на докажување. Во многу случаи е исклучително тешко да се направи оваа дистинкција и тоа е возможно исклучиво доколку во предвид се има целокупниот контекст. На пример, изјавата дека некој политичар е корумпиран, може да се земе како вредносен суд, доколку од контекстот произлегува дека авторот на изјавата ги имал предвид моралните и етички квалитети на оваа личност, а може да претставува и изјава за факти, доколку се даде во контекст на напис за конкретна коруптивна афера, со која тој политичар се поврзува.

При оценката дали една изјава содржи факти или вредносни судови, Судот генерално применува либерална конструкција, преку признавање на широко значење на идејата за вредносен суд, особено кога е во прашање слободата на изразување на новинар или политичар. Пример за ова е случајот од Пресудата Jerusalem v. Austria, 2001, каде политичар од локалната самоуправа, при расправа во советот на општината коментирал дека определени секти имаат тоталитарен карактер и фашистички тенденции. Австриските судови оваа изјава ја третирале како тврдење за факти, кои се покажале како невистинити, заради што политичарот бил осуден за клевета. Меѓутоа, спротивно на ова, став на Судот беше дека во суштина се работи за вредносни судови и „... правични коментари за прашања од јавен интерес, кои не бараат доказ за вистинитоста“. Од овој пример е јасно дека во некои случаи, оценката на Судот дали се изразуваат вредносни судови или се работи за изјава за факти, ќе зависи и од постоењето на јавен интерес на целокупната статија.

За разлика од ова, кога критичките изјави се мотивирани од конкурентска намера, тоа може да влијае истите да не бидат третирани како вредносни судови. На пример, во Пресудата Krone Verlag Gmbh er Co Kg and MEDIAPRINT Zeitungs and Zeitschriftungverlag GmbH & CO KG v. Austria, 2003, на изјавите: „... еден салцбуршки професор...обвинител на Валдхајм, ја фали изложбата...секој кој е виновен за таков криминален фалсификат...го заслужува нашиот најголем презир...“ им беше третман на невистинити фактички тврдења од страна на Судот. Иако содржината на статијата во тој случај била од несомнен јавен интерес, Судот, поддржувајќи ја одлуката на националните судови, оценил дека јавниот интерес од статијата бил потиснат од дефаматорните изјави, отежнати со компетитивната цел.

Откако Судот ќе утврди дека во еден конкретен случај се работи за вредносни судови, а не за изјави за факти, следно нешто што утврдува е дали постои „задоволителна фактичка основа“ да ги поткрепи. Значи, дури и да се работи за вредносни судови, мора да постои одредена фактичка основа, врз основа на која тие се формирани. Неопходноста за постоење на врска помеѓу фактите и вредносните судови може да варира, во зависност од случајот. Така, во случајот Brasilier v. France, 2006, испрашувањето на еден градоначалник пред национален трибунал за измама во врска со гласањето беше оценето како доволна фактичка основа за обвинување дека тој ги украл изборите. Повторно, при оценката дали постои „задоволителна фактичка основа“ за

формирање на определен вредносен суд, Судот го има предвид јавниот интерес на целокупната статија и дали се работи за некоја од привилегираните форми на изразување (како новинарското или политичкото изразување).

2. ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ТУЃИ ИЗЈАВИ

Колку е еден новинар одговорен за (можните клеветнички) изјави кои ќе ги каже некој друг? Повеќето новинари трошат голем дел од нивното време во известување на туѓи зборови или ако станува збор за радиодифузерите давајќи им платформа на другите да зборуваат преку интервјуа и дискусии.

Во поглед на одговорноста за пренесувањето на туѓи изјави, Европскиот суд за човекови права има прилично јасен став (изразен во Пресудата Thoma v. Luxemburg, 2001): „...Судот нагласува дека казнувањето на новинар за пренесување туѓи изјави сериозно би го загрозил придонесот на печатот во отворањето дебата за прашања од јавен интерес и не би требало да се преземе, доколку нема исклучително силни причини за тоа".

Европскиот суд за човекови права има разгледано неколку случаи во кои националните судови ги осудиле новинарите за изјави дадени од страна на друга личност. Ова е доказ дека многу национални јурисдикции се уште имаат тенденција да ги третираат новинарите како одговорни за известување за туѓите изјави. Меѓутоа, расудувањето на Европскиот суд за човекови права се движи во друга насока.

Најбитниот случај од овој тип, содржан во Пресудата Jersild v. Denmark,1994, не се однесува на клевета, туку дисеменација на расистички изјави. Јершилд бил дански новинар кој направил телевизиски документарец за неонацистичка група од млади лица. Во текот на филмот, тие дале низа екстремни и навредливи расистички изјави. По поплаките од јавноста, Јершилд и учесниците во документарецот биле гонети и осудени со примена на законите за расна омраза.

Во разгледувањето на случајот, Судот даде коментар, кој често го повторува, дека судовите не смеат да преземат улога во одредувањето како новинарите ја работат својата работа: „...начинот на објективно и урамнотежено известување може значително да варира, меѓу другото, зависно од тоа за кој медиум се работи. Не е работа на овој Суд, ниту на националните судови да ги заменат нивните улоги со оние на печатот во однос на тоа која техника на известување ќе ја усвојат новинарите". Финалниот заклучок на Судот е со големо практично значење за секојдневното постапување на новинарите: „...Казнувањето на

еден новинар за помагање при ширењето искази дадени од друго лице во интервју сериозно би го попречило придонесот на печатот во дискусиите за работи од јавен интерес и не треба да се предочи, освен ако постојат особено силни причини да се стори тоа".

Сличен е ставот на Судот изразен во Пресудата Lionarakis v. Greece, 2007, каде уште појасно заклучува: „...Барањето новинарите самите да се дистанцираат системски и формално од содржината на изјавата која може да клевети или да му наштети на трето лице е неусогласено со улогата на печатот за обезбедување информации за тековни настани, мислења и идеи".

Нашиот Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда во одредбата од член 10 став точка 1, на извесен начин ги имплементира овие принципи на Судот на следниот начин: „...исклучена е одговорноста за тврдење на факти штетни за честа и угледот на друг што е дадено во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, **ако се изнесува или пронесува тврдење што е содржано во соопштение, одлука или друг документ на државен орган, установа или правно лице, или е изнесено на јавен собир, во судска постапка, или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или се пронесува тврдење што е јавно соопштено од друг".**

3. ХУМОР И САТИРА

Кога зборуваме за сатирични форми на изразување, познат е случајот со францускиот земјоделец Ерве Еон и неговиот плакат со зборовите, упатени кон претседателот на Франција Никола Саркози: „Губи се, ти тажен никаквецу" („Casse-toi pauv' con"). Овие зборови претходно Саркози му ги кажал на друг земјоделец, кога тој одбил да се ракува со него, а што било пренесено од многу медиуми во Франција. Значи, Еон изразил сатирична критика кон Саркози, упатувајќи ги неговите лични зборови кон него, иако се разбира, во малку поинакви околности. Француските судови не ја разбрале оваа сатирична критика и го осудиле Еон за навреда на Претседателот, а врз основа на членот 26 од законот од 1881 година.

Европскиот суд за човекови права резонирал поинаку: „... „повторувањето на фразата, која претходно била кажана од страна на Претседателот, не може да се каже дека била насочена кон приватниот живот или честа на последниот или дека била изнесена само како личен напад против него... намерите на обвинетиот биле од политичка природа со цел да го израмни нивото на јавна критика на врвот на државата“ (Пресуда Eon v. France, 2013). Понатаму во истата пресуда, Судот го изразил ставот во врска со сатиричните облици на изразување: „...Судот смета дека кривичните санкции за однесување, како што е она на жалителот во конкретниот случај, може да имаат застрашувачки ефект врз сатиричните форми на изразување поврзани со актуелни прашања. Такви форми на изразување сами по себе можат да играат важна улога во отворените дискусии за работи од јавен интерес, што е неопходна карактеристика на едно демократско општество...“. Значи, Судот многу јасно ја признава важноста на сатиричните форми на изразување во отворањето сериозна дебата за прашања за јавен интерес.

Слична одлука е онаа во случајот од Пресудата Nikowitz v. Austria, 2007. Откако познатиот австриски скијач Херман Маер доживеал незгода во која ја скршил ногата, неделникот „Профил“ објавил сатиричен напис во кој ги исмеал препотенцираните реакции во јавноста и медиумите во врска со тоа. Според написот, цела Австрија страдала поради „...националната скршена нога...“, а единствен исклучок, според овој напис, бил неговиот пријател и ривал, скијачот Стефан Еберхартер, чија реакција била: „Одлично, сега конечно јас ќе победам во нешто. Се надевам дека скапаното куче ќе се сопне на неговите патерици и ќе ја скрши и другата нога“. После објавувањето на написот Стефан Еберхартер го тужел весникот и го добил процесот за клевета.

Европскиот суд немал дилеми дека се работи за шега и во пресудата по повод случајот го дал следното образложение: „Написот, како што е евидентно од неговиот наслов и од неговиот придружен текст на фотографијата на господинот Маер, бил напишан во ироничен и сатиричен стил и бил наменет да даде хумористичен коментар. Сепак, тој се обидува да даде критички придонес за прашањето од општ интерес, имено, за односот на општеството кон спортска ѕвезда. Судот не е убеден во причините на домашните судови и владата дека просечните читатели нема да бидат во можност да го сфатат сатиричниот карактер на текстот и особено хумористичниот елемент во оспорените пасуси за она што Еберхартер би можел да го изјави, а всушност не го изјавил“.

За разлика од овие случаи, Судот во Пресудата Petrina v. Romania, донел малку поинаков заклучок. Во тој случај, политичарот чие име е Петрина успешно се обратил до Судот, тврдејќи дека неговите права од членот 8 се нарушени со лажни обвинувања дека тој бил поранешен член на озогласената комунистичка тајна полиција Секуритате. Фактот дека написот бил објавен во сатиричен магазин не бил важен. Пораката на написот била „јасна и директна, ослободена од какви било иронични или хумористични елементи".

4. ПРИВИЛЕГИРАНИОТ СТАТУС НА МЕДИУМИТЕ КАКО „КУЧИЊА-ЧУВАРИ" НА ДЕМОКРАТИЈАТА

Во делот за слободата на изразување и медиумите, видовме дека Европскиот суд за човекови права во многу пресуди ја потенцира важноста на медиумите во едно демократско општество, нарекувајќи ги „кучиња-чувари на демократијата". Во една од најпознатите пресуди (Пресуда Lingens vs. Austria, 1986), поврзана со членот 10 од Конвенцијата, Судот тоа го опишува на следниот начин: **"Ваквата функција на заштитник на демократијата на медиумите има посебна важност кога ќе се земе во корелација со правото на јавноста да добива и информации и идеи од јавен интерес"**.

Заради ваквата нивната улога, Судот ја признава и нивната привилегирана позиција од аспект на одговорност за клевета и навреда. Па така, Судот заклучува дека „...**новинарската слобода опфаќа и можно прибегнување кон одреден степен на претерување, па дури и на провокација...**" (Пресуда Dalban vs. Romania, 1999). Сличен е ставот дека **"како резултат од тесната поврзаност со демократијата, опфатот на слободата на информирање мора да биде сфатен најшироко можно, дозволувајќи степен на претерување, па дури и провокација"**(Пресуда Radio France vs. France, 2004).

Притоа, Судот не му дава привилегиран статус исклучиво на политичкото изразување на медиумите, туку во низа одлуки отиде подалеку и даде ваков статус и на пишувањата за „други прашања од интерес на јавноста". Пример за тоа е случајот од Пресудата Thorgeirson vs. Iceland, 1992, каде Судот го зазеде следниот став: **„Иако печатот не смее да ги пречекори границите, меѓу другото, за заштита на угледот на... другите, сепак има обврска да дава информации и идеи за прашања од јавен интерес".** Не само што ја има задачата да дава такви информации и идеи, јавноста го има правото да ги прима. Во секој друг случај, печатот нема да биде во можност да ја игра својата

Во Пресудата Castells v. Spain, од 1992 г., Судот во Стразбур го потенцираше следното: „По сила на својата доминатна моќ, Владата мора да толерира најширок степен на критики против себе. Таа мора да внимава и да избегнува создавање на каков било застрашувачки ефект што рестриктивните мерки кои ги преземаат може да го имаат на политичкото изразување".

клучна улога на „куче-чувар“. Значи, релеватно за оценката дали на печатот ќе му се даде привилегиран статус во определен случај, ќе зависи од тоа дали содржината на написот ќе биде „од јавен интерес“.

Не постои единствена дефиниција во праксата на Судот во Стразбур за тоа што претставува тема од „јавен интерес“. Во низа пресуди, Судот дава одредници за дефинирање на овој поим. Во нашиот Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда, во членот 5 став 1 е дадена една прилично сеопфатна дефиниција, која се чини дека е во согласност со стандардите на Стразбур. Така, **„како подрачја и прашања од јавен интерес се сметаат особено: сите облици, институции и активности на вршење на државна власт и јавни институции, локалната самоуправа, општествените дејности како здравството, културата, уметностите, образованието, науката, спортот, средствата за јавно информирање, правниот систем и примената на правото и економскиот систем и економските односи и животната средина“.**

5. ПОВИСОКИОТ ПРАГ НА ТОЛЕРАНЦИЈА НА КРИТИКА НА ЈАВНИТЕ ЛИЧНОСТИ

Првиот познат случај на клевета од праксата на Судот во Стразбур, тој од Пресудата Lingens v. Austria, 1986, се однесувал на случајот кога австрискиот канцелар (т.е. премиер) во една статија бил обвинет за „примитивен опортунизам“ и за дејствување на „неморален и недостоинствен“ начин. Авторот на статијата бил осуден од страна на австриските судови за клевета. Судот во Стразбур (пленарниот совет) едногласно одлучил дека осудата била непропорционална интервенција во слободата на изразување, заради тоа што, меѓу другото, **„политичките фигури мораат да толерираат поголем степен на критика отколку приватните лица“.** Тргнувајќи од позицијата на „наклеветениот“, односно фактот што истиот е канцелар, се подразбирало дека согласно ваквиот принцип тој би требало да покаже најголем степен на толеранција кон јавна критика.

Ваквиот принцип потоа Судот го разработи во низа одлука, па така во Пресудата Lombardo v. Malta, 2007, Судот заклучи дека „**...здравата демократија бара Владата да биде изложена на постојан надзор не само од страна на законодавната и судската власт, туку и од поширокота јавност и медиумите“ .** Понатаму, во Пресудата Castells v. Spain, 1992, го потенцираше следното: **„По сила на својата доминатна моќ, Владата мора да толерира најширок степен**

на критики против себе. Таа мора да внимава и да избегнува создавање на каков било застрашувачки ефект што рестриктивните мерки кои ги преземаат може да го имаат на политичкото изразување".

Кога станува збор за политичарите, постои уште еден аспект на (ограничувањето) на слободата на изразување, кој можеби директно не е поврзан со проблематиката на клеветата, но е интересен да се разгледа во контекст на изнесеното. Приватноста на јавните функционери во некои случаи се користи како причина за да се ограничи известувањето од медиумите. Се разбира, ова е сосема различно од угледот, но понекогаш, во практиката, може да биде испреплетено.

Приватноста (за разлика од угледот) е експлицитно заштитена со членот 8 од Конвенцијата и затоа влегува под „права и приватност на другите". Како што видовме, Судот во Стразбур често потенцира дека јавните функционери мора да бидат предмет на поголема критика од другите. Тука се поставува прашањето што претставува јавен функционер (или можеби поточно, јавна личност)? Овој термин, секако, би ги вклучувал политичарите, но дали ќе ги вклучува, да речеме, членовите на семејствата на политичарите? Или други лица, кои се во приватни врски со политичарите (на пример, во случај на вонбрачна афера)?

Одговорите на овие прашања повторно треба да ги бараме во постоењето на јавниот интерес на написите. Се разбира дека ќе биде од интерес на јавноста екстравагантното однесување со трошење астрономски суми на блиски членови на семејствата на политичарите. На пример, сопругата на претседателот на Америка Мишел Обама беше остро критикувана од страна на некои медиуми за огромните буџетски издатоци за некои нејзини патувања (конкретно, предмет на критика беа трошоците за патувањето во Кина) и никој не го оспори легитимниот интерес на јавноста за тоа. Спротивно на ова, во познатиот случај на принцезата Каролина од Монако, во Пресудата Von Hanover v. Germany, 2004, Судот оцени дека постои повреда на приватноста со објавување на низа приватни фотографии на принцезата Каролина, меѓу другото, заради непостоење на јавен интерес (или поточно - постоење на многу лимитиран јавен интерес) за нивно објавување.

Во друг случај, оној од Пресудата Krone Verlag GmbH & Co. KG vs. Austria, 2002, еден весник бил казнет за прекршување на приватноста на еден политичар. Весникот објавил фотографија од политичарот во еден напис во кој се вели дека некои од неговите приходи биле стекнати нелегално. Националниот суд пресудил дека иако тој е член на парламентот, не и бил доволно познат на

јавноста, па така весникот го прекршил неговото право на приватност преку објавување на неговата фотографија придружена со критички тврдења. Не е изненадувачки тоа што земајќи ги предвид претходните судски одлуки, Европскиот суд утврдил дека се прекршени правата на весникот од членот 10 од Конвенцијата.

6. ВИДОВИ И ВИСИНА НА САНКЦИИ/НАДОМЕСТОЦИ НА ШТЕТА ЗА КЛЕВЕТА

Една причина зошто тужбите за клевета, без разлика дали кривична или граѓанска, се толку застрашувачки е влијанието на казните или оштетите што често се изрекуваат на медиумите во такви случаи. Често се споменуваат тешки казни и високи отштети, кои имаат таканаречен „оладувачки ефект". Како што фразата јасно го покажува значењето, загриженоста не е само за новинарот, кон кого е изречена санкцијата или надоместокот, туку, исто така, и за влијанието кое може да го има генерално врз истражувачкото новинарство.

Како што беше изложено погоре, меѓународните институции ја фокусираа својата загриженост на кривичната клевета и на опасноста дека новинарите би можеле да бидат затворени поради остварување на нивната професија и слободата на изразување и беа формулирани низа препораки за декриминализација на клеветата.

Европскиот суд има разгледано повеќе случаи на кривична клевета и иако, како што е наведено погоре, нема целосно да ја отфрли можноста за изрекување кривична санкција во овие постапки, има коментирано во врска со казните, како на пример во Пресудата за случајот Cumpana and Mazare vs. Romania, 2004: „Околностите во конкретниот случај, класичен случај на клевета на поединец во контекст на дебата за прашање од легитимен јавен интерес, не содржат никакво оправдување за наметнување законска казна. Таквата казна, со својата природа, неизбежно ќе има застрашувачки ефект и фактот дека обвинетите не ги служеа своите затворски казни не го менува тој заклучок, увидувајќи дека индивидуалните помилувања се предмет на дискреционото право на Претседателот на Романија; покрај тоа, ист таков акт на помилување осудени лица ги ослободува од служење на нивната казна, но сепак не ја брише нивната пресуда..."

Во овој случај, Европскиот суд, исто така, бил критички настроен кон наредбата изречена за новинарите, со која им било забрането да работат

како новинари една година, како дел од нивната казна за клеветата: **„...Судот повторува дека ограничувањата на активностите на новинари повикуваат на највнимателно испитување и се оправдани само во исклучителни околности... Судот смета дека тоа е исклучително тешка казна и дека во ниедни околности не може да биде оправдана со самиот ризик од повторување на делото од страна на жалителите....Судот смета дека со наметнување забрана за работење како новинари, како превентивна мерка од општ домен, иако со ограничен временски рок, домашните судови го прекршија принципот дека печатот мора да биде во можност да ја извршува својата улога на јавен чувар на демократското општество....“**

Во случаи на граѓанска клевета, главната причина за „оладувачкиот ефект“ е големата парична отштета која може да им се наметне на медиумите во случај да се утврди клеветничка објава од нивна страна. Во граѓанска постапка, целта на казната не е да се казни тужениот (оној што клевети), тука да се компензира тужителот, лицето кое било клеветено, за каква било загуба или штета направена од клеветата. Ако ова не може да биде демонстрирано, тогаш не е јасно зошто треба да има парична отштета. Вообичаено, клеветничка изјава може да се коригира со исправка или со извинување или со јавна објава на пресудата со која се утврдува постоење на клевета (сето ова е имплементирано и во нашиот закон).

Често се појавува проблем во областа на нематеријалната штета. Ова се однесува на парични отштети доделени со цел да се надоместат загубите кои не може да се пресметаат во монетарна смисла, како што е губењето на угледот. Покрај штетата на угледот, судовите треба да ја земат предвид и потенцијалната штета што може да ја има големата парична отштета на обвинетиот, но и пошироко во областа на изразувањето и на медиумите во општеството.

Европскиот суд е критичен кон големите нематеријални отштети, а во одредени случаи дури и ги оценува како прекршување на членот 10. Во врска со оваа проблематика, Судот во Стразбур има формулирано повеќе критериуми, од кои треба да се раководат националните судови, за да избегнат одмерување на превисок надоместок:

Во случајот на Steel and Morris vs. United Kingdom, 2005, каде како оштетена се јавуваше Mc Donalds корпорацијата (заради тоа познат во јавноста како случајот McLibel), Европскиот суд заклучил дека големината на отштетата мора да ги земе предвид ресурсите кои им се достапни на обвинетите. Вкупната сума која била одредена од британските судови не била многу висока „по

современите стандарди“, но е „значителна во споредба со скромните примања и ресурси на... тужените...“

За нас се веројатно порелевантни и поинтересни случаите од нашето опкружување, заради истите (или слични) правни системи и релативно сличните економски и општествени прилики. За да избегнат утврдување на повреда на членот 10, домашните судови би требало да ги имаат предвид овие одлуки.

Во случајот Koprivica v. Montenegro, 2011, се работело за објавен напис во црногорскиот опозиционен неделник „Либерал“, во кој се тврдело дека шеснаесетмина црногорски новинари ќе бидат обвинети за воени злосторства (поточно, поттикнување на воени злосторства) од страна на Хашкиот трибунал. Еден од овие новинари, инаку уредник на многу влијателен државен (и провладин) медиум, иницирал постапка во која била утврдено постоење на клевета (фактичките тврдења од написот не биле вистинити) и определена нематеријална штета во висина од 5.000 евра. За Судот во Стразбур, немало дилема дека во случајот постоела клевета и дека националните судови исправно утврдиле одговорност. Но констатирана е повреда на членот 10 од Конвенцијата, заради тоа што **„...надоместот е превисок споредено со примањата на апликантот, бидејќи се состои во 25 негови месечни примања“.** Дополнително, Судот во Стразбур определениот надомест од 5.000,00 евра за клевета го третира како превисок **„...дури и ако се имаат предвид највисоките месечни примања во матичната држава...“**(Црна Гора). Тргнувајќи од сличните економски услови на нашата држава со Црна Гора, оваа пресуда треба да претставува водилка за нашите судови во поглед на висината на надоместот, кој треба да се определува во случаи на клевета.

Во случајот Filipovic v. Serbia, 2007, Европскиот суд се повика на заклучоците од други пресуди, односно дека отштетата мора да биде пропорционална на моралната штета, а исто така и на средствата достапни на располагање на обвинетиот. Во овој случај, иако тужениот неправедно го обвинил тужителот за „проневера“, сепак, точен е фактот дека тужителот бил под истрага за даночни прекршоци. Па оттука, и моралната штета не е голема и отштетата од судот е еквивалент на шестмесечна плата (определената отштета била во висина од приближно 2.000 евра), сума која Судот ја оцени како прекумерна и како повреда на членот 10.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОН
ЗА ГРАЃАНСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

I. Општи одредби

Цел и содржина на Законот

Член 1

Овој закон се уредува граѓанската одговорност за штета нанесена на чест
и углед на физичко или правно лице со навреда и клевета.

Основни начела

Член 2

Законот ја гарантира слободата на изразување и информирање како еди
демократското општество.

Ограничувањата на слободата на изразување и информирање законски
се применуваат само во строго пропишани услови за граѓанска одговорност за навреда
согласно Европската конвенција за заштита на човековите права и осно
практиката на Европскиот суд за човекови права.

IV Дел

НАВРЕДА И КЛЕВЕТА ВО МАКЕДОНИЈА

Клеветата и навредата во Република Македонија се декриминализирани. По предлог на Владата, Собранието кон крајот на 2012 година го усвои Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Овој закон беше донесен во договор со Здружението на новинарите на Македонија.

Донесувањето на Законот значеше дека за нарушување на честа и угледот на кој било македонски граѓанин не може да се изрекува казна затвор, туку оштетената странка може да поведе постапка пред граѓански суд за надоместување на евентуална нематеријална штета.

1. ЗОШТО ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА НА НАВРЕДАТА И КЛЕВЕТАТА?

Идејата за декриминализација на навредата и клеветата беше покрената од новинарската заедница, која преку Здружението на новинарите лобираше за бришење на овие дела поврзани со нарушување на честа и угледот од Кривичниот законик и за донесување посебен закон со кој ќе се уредува одговорноста за навреда и клевета.

ЗНМ користеше разни аргументи за да го оправда ваквиот потег на македонските власти. Првиот беше дека постои опасност да се изрекуваат казни затвор за клевета и навреда и тоа може да предизивика негативен ефект врз слободата на изразувањето затоа што новинарите ќе избегнуваат да пишуваат за сензитивни прашања за кои постои опасност да бидат тужени и казнети со драконски затворски и парични казни. Од осамостојувањето на

Македонија беше изречена една затворска казна за клевета против новинарот Зоран Божиновски, но таа, за среќа, не беше извршена. Новинарот Божиновски во почетокот на јули 2006 година беше одведен на извршување на казната, но после пет дена под притисок на меѓународниот фактор беше пуштен на слобода, а предметот беше вратен на првостепено одлучување и во меѓувреме застарел.

Освен тоа, Европскиот суд за човекови права и слободи во Стразбур смета дека казната затвор за дела против честа и угледот е непропорционална и може да предизивика ефект на застрашување на новинарите и медиумите.

Втората причина за декриминализација на клеветата беше големиот број на приватни кривични тужби за клевета против новинари, за кои ЗНМ тврдеше дека се користат како средства за вршење притисок и застрашување. До крајот на 2012 година по кривичните македонски судови се водеа над 300 постапки против новинари за навреда и клевета.

Трето, најголем број тужби за клевета против новинари беа поднесени од носители на јавни функции. Новинарската заедница се жалеше дека политичарите ги користат тужбите за клевета за да ги замолчуваат новинарите и да ги одвраќаат од намерата да пишуваат за нивната работа.

Четврто, судските процеси за клевета против новинари траеја со години и тоа беше еден начин да се држат тие под постојан притисок и неизвесност. Таквиот постојан притисок од политичари и бизнисмени резултираше со примена на самоцензура од страна на новинарите, со цел да избегнат нови тужби против нив.

Петто, од тогашната примена на Кривичниот законик, македонските судови изрекуваа превисоки надоместоци за штета за клевета против новинари. Највисоката сума на име надомест на штета за клевета беше определена во случајот Црвенковски против Младенов, кога сопственикот на неделникот „Фокус“ Никола Младенов беше осуден со казна од 25 илјади евра. За истиот текст, Младенов го изгуби спорот и од тогашниот премиер Хари Костов, за што судот му определи надомест на штета од 15 илјади евра. Така, вкупната казна за објавениот текст на „Фокус“ за наводните тајни сметки на тогашниот претседател Бранко Црвенквоски во швајцарски банки беше 40 илјади евра.

Само за потсетување, Европскиот суд за човекови права во 2007 година во спорот Филиповиќ против Србија, оцени дека казната од 2 илјади евра за новинарот е прекумерна и утврди повреда на членот 10 од Конвенцијата.

Шесто, најзагрижувачко од се беше однесувањето на кривичните судови кон тужбите за клевета против новинари. Тие одбиваа да ја признаат и да ја применат Европската конвенција за човекови права и праксата на Еврпскиот суд за човекови права во Стрзбур. Најчесто тие бараа од новинарите да докажат дека наводите во нивните објавени текстови се точни, а во спротивно ги прогласуваа за виновни за клевета и досудуваа непропорционални казни без да ја имаат предвид битната улога што ја играат медиумите во едно демократско општество како куче - чувар, како креатори на јавното мислење и како поттикнувачи на дебата за прашања од јавен интерес. Судовите немаа слух ниту за фактот дека носителите на јавни функции треба да бидат потолерантни кон јавни критики од новинарите и медиумите затоа што јавноста има право да знае како политичарите ја извршуваат функцијата и како располагаат со јавните пари.

Поради сите овие причини, ЗНМ инсистираше да се укине казната затвор за делата навреда и клевета затоа што се смета како непропорционална казна за заштита на честа и угледот, а дотогашните постпапки против новинари пред кривичните судови да се амнестираат. Освен тоа, новинарите инсистираа во граѓанскиот закон за одговорност за навреда и клевета да се сподели одговорноста меѓу издавачот, уредникот и новинарот. Ваквото барање беше аргументирано со тоа што во најголем број тужби за клевета против медиуми одговараат само новинарите, но не и уредниците и издавачите, кои имаат претпосавена одговорност за одобрување и за објавување на евентуални клеветнички изјави во медиумите.

Клучно барање на новинарите беше и ограничувањето на надоместоците за нематеријална штета за навреда и клевета. Во дотогашната судска пракса судовите изрекуваа високи непропорционални парични надоместоци против осудените новинари за клевета. Овие парични казни најчесто ги плаќаа самите новинари.

Законот требаше да ги отстрани сите овие слабости во оваа област и да придонесе за подобрување на праксата на македонските судови кога постапуваат по тужби за клевета против новинар и да се зајакне примената на праксата на Европскиот суд за човекови права во Стрзбур, кој поставува повисок праг на толеранција за критики на медиумите кога се во прашање носители на јавни функции и кога медиумите третираат прашања од јавен интерес.

2. КОИ ДЕЛА ЗА НАРУШУВАЊЕ УГЛЕД ОСТАНАА ВО КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК?

Со декриминализацијата на навредата и клеветата во Кривичниот законик останаа делата за нарушување на угледот на македонската држава, знамето, грбот и химната. Кривично се одговара и за подбив со македонскиот народ и припадниците на заедниците, но и за повреда на странски држави и меѓународни институции и организации и дела против угледот на нивни претставници. Меѓутоа, позитивен развој е што овие дела, иако остануваат во Кривичниот законик, за нив судовите можат да изрекуваат само парични, но не и затворски казни.

3. НАЧЕЛОТО НА ЗАКОНОТ Е ЕВРОПСКАТА ПРАКСА

Битно е да се напомене дека во основните начела на македонскиот Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета се гарантира слободата на изразувањето, а секое ограничување може да се оправда само врз основна на ставот 2 од членот 10 на Европската конвенција за човекови права. Според Европската конвенција секој граѓанин ужива право на чест и углед и според тоа слободата на изразувањето може да се ограничи под определени предуслови.

Многу битен елемент во македонскиот Закон што вреди да се потенцира во овој контекст е што во него има децидна одредба со која се дава предност на примената на Европската конвенција за човекови права и слободи и на праксата на Европскиот суд во Стрзбур пред македонското законодавство.

4. ШИРОКА ДЕФИНИЦИЈА ЗА ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Македонскиот закон за клевета има широка дефиниција за јавен интерес, која ги опфаќа речиси сите сфери од општественото живеење. Ваквата дефиниција, содржана во членот 5 од Законот, ја минимизира можноста на новинари да им се изречат надоместоци за клевета поради тоа што текстовите во кои тие третираат прашања од јавен интерес се исклучени од одговорност и подлежат на говор кој има поголема заштита. Европскиот суд овој говор го фаворизира поради важноста што ја имаат медиумите во заштитата и промовирањето на јавниот интерес во демократско општество.

Еве како во член 5, став 2 од Законот се дефинира јавниот интерес: Како прашања од јавен интерес се сметаат особено: сите облици, институции и

активности на вршење на државната власт и јавните институции, локалната самоуправа, општествените дејности како здравството, културата, уметностите, образованието, науката, спортот, медиумите, правниот систем и примената на правото и економскиот систем и економските односи и животната средина.

5. ДЕФИНИЦИЈА ЗА НАВРЕДА

За новинарите е битно да знаат дека дефиницијата за навреда во нашиот Закон во голема мера е усогласена со меѓународните стандарди и со принципите на Европскиот суд за човекови права и слободи.

Еве како се дефинира навредата во членот 6 од Законот: За навреда одговара тој што со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази понижувачко мислење, со кое се навредува неговата чест и углед.

Според оваа дефиниција, за навреда се смета само онаа навредувачка изјава во која има намера за омаловажување. Тоа значи дека ако судот не гледа зла намера во некоја навредувачка изјава објавена во медиуми, може да го солободи новинарот од одговорност.

Одговорност за навреда постои ако со навредувачкото дејство се омаловажува угледот на правно лице, група лица или умрено лице. За навреда нема да одговара новинарот ако докаже дека објавувањето на навредливата изјава му било наложено од уредникот или содржината на неговата изјава е битно измената од уредникот.

Исто така, новинарот не одговара за навреда ако објавената изјава добила навредлив каракер со нејзиното подготвување со наслов, наднаслов, поднаслов, фотогарфии или извлекување на делови од изјавата од нејзината целост. Истиот принцип се применува доколку уредникот докаже дека навредливата изјава објавена во медиум е наложена од издавачот.

Во членот 7 од Законот се дефинираат основите за исклучување на одговорност. Според овој член за навреда нема да се одговара ако:

- се пренесува изјава дадена во работата на Собранието на Република Македонија, во работата на советите на општините, во управна или судска постапка или пред Народниот правобранител, освен ако тужителот докаже дека е дадена злонамерно
- се пренесува мислење од службен документ од сите видови на власт
- се пренесува соопштение и други документи на меѓународни организации и конференции

- се пренесува соопштение или друг документ за информарање на јавноста издадени од надлежни државни органи, установи и други правни лица
- се пренесува соопштение или друг службен документ од истраги за сторени кривични дела или прекршоци
- се пренесува изјава со која се пренесуваат мислења изнесени на јавен собир, судска постапка или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или
- се известува за изјава што е јавно соопштена од друг

Не е одговорен за навреда тој што ќе изнесува понижувачко мислење за носител на јавна функција од јавен интерес ако докаже дека:

- тоа е засновано врз вистинити факти
- дека имал основана причина да поверува во вистинитоста на фактите
- изјавата содржи оправдана критика или поттикнува расправа од јавен карактер
- изјвата е дадена во согласност со професионалните стандарди и етика на новинарската професија.

Не е одговорен за навреда тој што изнесува негативно мислење за друг со искрена намера или увереност во добронамерноста на неговото мислење.

Исто така, за навреда нема да се одговара ако критиката е искажана во научно, книжевно и уметничко дело, при извршување службена должност, новинарство, политика ако брани:

- слободата на изразување, јавен интерес
- нема значење на навреда, ако нема значителна повреда и ако не е изнесено исклучиво за да се понижи личноста.

Законот бара од судот при оценувањето на условите за исклучување на одоворност да ги примени критериумите за оправдано ограничување на слободата на изразување согласно Европската конвенција за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

6. ОДГОВОРНОСТ ЗА НАВРЕДА

За навреда се одговара ако омаловажувате некого преку изјава, понижувачко мислење или однесување, со што се повредува честа и угледот на друг. Во членот 6 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, одговорност за навреда постои ако го омаловажувате угледот на правно

лице, група лица или на умрено лице. За навреда преку медиуми одговараат новинарот, уредникот и издавачот. Тужителот е слободен да одлучува кого од овие медиумски актери ќе тужи.

7. ДЕФИНИЦИЈА ЗА КЛЕВЕТА

За разлика од навредата, клеветата според македонскиот Закон се смета за потешко дело со кое се нарушува честа и угледот на граѓанинот. Еве како во членот 8, став 1 од Законот се дефинира клеветата:

За клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити.

Дефиницијата во голема мера ги исполнува меѓународните стандарди за клевета. Прво, според оваа дефиниција, за клевета се одговара исклучиво за објавување на невистинити факти, што значи дека вистинитите факти не можат да се сметаат како клевета, иако може да ги нарушат честа и угледот на личноста.

Втор елемент што треба да се исполни за да се оквалификува едно дело како клевета, е намерата да се наштети на честа и угледот, што е клучен приницип изграден од Европскиот суд за човекови прави и слободи. Во спротивно нема да се смета за клевета некоја клеветничка изјава ако авторот на изјавата покаже дека со неа немал намера да нанеса штета на честа и угледот на засегнатата страна. И трет, и не помалку важен принцип што го опфаќа оваа дефинција е дека оној што ја објавил изјавата бил должен или можел да знае дека содржината на изјавата содржи невистинити факти. Во овој дел на дефиницијата се потенцира принципот дека авторот на изјавата како професионален новинар бил должен да знае за фактичката состојба од областа за која пишува и се повикува на неговата професионална обврска да ги провери фактите во изјавата пред да ги обајви.

8. КОЈ ЈА ДОКАЖУВА ВИСТИНИТОСТА НА ФАКТИТЕ?

Во членот 9 од Законот се регулира докажувањето на вистинитоста на фактите. Според македонскиот Закон за клевета, а и според општоприфатените меѓународини практики, фактите во случај на судски спор за клевета прво

Дебата за судската пракса во судењата за навреда и клевета



Од осамостојувањето на Македонија беше изречена една затворска казна за клевета против новинарот Зоран Божиновски, но таа, за среќа, не беше извршена

ги докажува авторот на објавената изјава. Тој што пред суд ќе ја докаже веродостојноста на фактите не може да одговара за изјавите кои може и да имаат клеветнички карактер.

Ако новинарот во текот на постапката нема да успее да ја докаже вистинитоста на фактите, тогаш за да не одговара за клевета треба да докаже дека имал причина да поверува во вистинитоста на фактите што ги објавил. Тоа подразбира дека новинарот поверувал на невистинити факти затоа што податоците ги добил од кредибилен извор на информации или дека му биле презентирани во форма на официјален документ.

Трета можност новинарот да ја докаже неговата невиност за објавување на некоја клеветничка изјава е да покаже дека прашањето за кое пишува има јавен интерес. Овој принцип предвидува новинарите да не одговараат за објавување на клеветнички изјави ако за нивното објавување има јавен интерес, а со нив имало намера да се отвори дебата. Се смета дека новинарите имаат право преку таков жесток говор дури и да ја шокираат јавноста за да се предизвика реакција на одговорните за некое прашање од висок јавен интерес.

Од исклучителна важност за новинарите е што во Законот има одредба со која вистинитоста на фактите не ја докажува само новинарот, туку и тужителот кога тој е носител на јавна функција. Пример, ако функционерот во објавените изјави е обвинет за корупција, тогаш тој има обврска на судот да му ја достави целата документација за конкретниот случај за да може судијата да ја утврди фактичката состојба. Ваквата одредба е силна алатка во рацете на новинарите затоа што во пракса има случаи кога функционери тужат за објавени новинарски текстови каде тие се обвинети за некоја злоупотреба, меѓутоа, ги кријат официјалните документи. Така на новинарите им е многу тешко да ги обезбедат овие документи поради затвореноста на институциите. Ви изминатиот период имаше апсурден сучај кога новинар беше осуден за клевета, а во исто време тужителот беше осуден со правосилна пресуда со која се потврдуваа наводите во објавениот текст на новинарот .

И на крај, новинарите не мора да ги докажуваат фактите кои се однесуваат на приватниот живот на тужителот.

9. КОЈ МОЖЕ ДА ОДГОВАРА ЗА КЛЕВЕТА?

Одговорноста за клевета е регулирана во членот 8 од Законот. Според овој член, за клевета може да одговара секој што за друг изнесува невистинити

факти со намера да наштети на неговата чест и углед, а знае или бил должен и можел да знае дека се невистинити.

Одговорност за клевета постои ако се изнесуваат невистинити факти штетни за угледот на правно лице, група лица или умрено лице.

Ако изнесувањето на невистинитите факти се пренесува преку медиум, за тоа одговара авторот на текстот, а уредникот или неговиот заменик и правното лице одговараат врз начелото на претпоставена одговорност. Тужителот може да ги тужи сите одговорни во медиумот или дел од нив.

Новинарот нема да одговара за клевета ако докаже дека клеветничката изјава му е наложена од уредникот или издавачот или неговиот текст е битно изменет од уредникот. Исто така, новинарот нема да одговара за клевета ако објавената изјава добила клеветнички карактер со нејзиното подготвување од уредникот со ставање наслови, поднаслови, фотографии, извлекување на делови од изјавата од нејзината целост, најави или друг начин.

10. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА

Исклучување на одговорност за клевета е регулирано во членот 10 од Законот, каде се дефинирани неколку основи врз кои новинарите може да бидат ослободени од одговорност. Никој нема да одговара за клевета за тврдење на штетни факти за честа и угледот на друг ако изјавата е дадена:

- во научно, книжевно или уметничко дело
- во сериозна критика во вршење на службена должност,
- во вршење на новинарска професија
- во вршење на политичка или друга општествена дејност
- во одбрана на слободата на изразувањето на мислата или на други права
- при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси.

Сите овие основи на исклучување на одговорност ќе можат да се земат предвид ако тврдењето е содржано во:

- соопштение
- одлука или друг документ на државен орган, установа или правно лице
- изнесено е на јавен собир
- во судска постапка
- друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи
- здруженија или правни лица или
- се пренесува тврдење што јавно е соопштено од друг.

За клевета нема да одговара и оној на кого му е оневозможено остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер спротивно на прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер. Тоа значи дека лицето нема да одговара за објавување на клеветнички изјави ако претходно побарал од инволвираната институција да добие информации, но во законски рок не ги добил истите.

За клевета нема да одговара оној што ќе изнесува невистинити факти ако тие имаат споредно значење во однос на вистинитите факти и битно не ја менуваат неговата целосна смисла на вистинитото тврдење.

За клевети во медиумите новинарите нема да одговараат ако се прнесуваат информации кои се однесуваат на прашања од јавен карактер со повикување на сериозни извори на сознанија на нивната вистинитост, спрема кои новинарот постапувал со потребна мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.

11. ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА ВО ЕЛЕКТРОНСКА ПУБЛИКАЦИЈА

За клевета новинарите може да одговараат за клеветнички информации кои се пренесуваат и преку електронски публикации. Ова прашање е регулирано во членот 11 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Одговорноста за навредливи и клеветнички изјави паѓа врз уредникот на публикацијата, но и врз оној што ја давал изјавата.

Уредникот на електронската публикација може да биде ослободен од одговорност за клевета ако:

- авторот на објавената информација не дејствувал под директна или индиректна контрола и влијание на уредникот
- ако не бил свесен ниту требало да биде свесен дека навредлив или клеветнички материјал е објавен во електронската публикација или
- во рок од 24 часа откако станал свесен за навредливиот и клеветничкиот карактер на објавениот текст ги презел сите технички и други мерки за отстранување на информацијата.
- барање за бришење на изјавата може да поднесе оштетеното лице.

12. КОЈ МОЖЕ ДА ТУЖИ ЗА КЛЕВЕТА?

За нарушување на чест и углед може да тужи физичко и правно лице. Родител може да тужи ако е оштетено дете, а блиски роднини ако оштетениот е умрено лице. Со овој закон за нарушување на углед можат да тужат и јавни функционери, но само во лично својство. Тоа значи дека министер може да тужи за навреда и клевета, но трошоците за тужба не може да ги плати од буџетот на министерството, туку мора да ги намири лично.

13. ЗАШТИТА НА ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета гарантира заштита на тајноста на информациите. Во членот 12 е предвидена можност судот да може да побара од новинарот да открие релевантни информации за утврдување на вистинитоста на информацијата без да го идентификува изворот. Во ставот 3 од истиот член се вели дека одбивањето на туженият да го открие тајниот извор на информации не може да се земе како негово признание на вината или да го заснова заклучокот дека не ја докажал вистинитоста на фактите или основаноста на верувањето во нивната вистинитост.

14. УБЛАЖУВАЊЕ НА ШТЕТА ЗА НАВРЕДА И КЛЕВЕТА

Пред поднесување на тужба за надоместување на штета, тужителот на кој му е повредена честа и угледот со навреда или клевета бара извинување или јавно повлекување на изјавата. Во членот 13 од Законот предвидено е извинувањето или јавното повлекување на изјавата да се објавува на исто место и во ист обем во печатеното средство за јавно информирање или на Интернет страница, или во исто време и во ист обем во електронско средство за информирање. Извинувањето се објавува на истото место и во ист обем најдоцна 48 часа од доставувањето на реакцијата.

Надоместување на нематеријална штета за навреда може да се досуди само ако авторот на навредливата изјава не се извинува. Штетата за навреда и клевета мора да биде пропорционална на нанесената штета на угледот и на околностите на случајот, посебно дали тужителот го искористил правото на извинување и демант и секако на материјалната состојба на туженият. Судот може да изрекува повисок надоместок ако туженият навредувал или клеветел заради материјален или друг интерес. Помала штета може да се изрекува на

оној што се извинил, понудил извинување и направил сериозен обид да ги отстрани штетните последици од клеветата.

15. ДЕМАНТ, ОДГОВОР И ИСПРАВКА

Македонскиот закон за навреда и клевета го признава правото на оштетените граѓани на демант, одговор и исправка доколку во медиумите се објавуваат навредливи или клеветнички изјави. Тоа право е предвидено во македонскиот Устав, но и во меѓународни документи и затоа новинарите и медиумите треба да ја почитуваат оваа обврска во случај ако обајвиле навредливи или клеветнички изјави.

Во членот 14 од Законот предвидено е оштетената странка да може да поднесе барање за објавување на една од овие форми на реакција во медиумот во рок од осум дена од денот кога дознал дека е објавена информацијата, но не подоцна од еден месец од нејзиното објавување.

Во истиот член стои обврската на медиумот, одговорот, демантот или исправката да ги објави во рок од два дена од доставувањето на барањето во првиот нареден број. Во него е опишано како треба да изгледа демантот, одговорот и исправака. Тој мора да се објави на исто место или време и во ист обем, како и информацијата на која се реагира.

Објавување на демант, одговор или исправка медиумот може да одбие ако:

- барањето не е доставено во законски рок
- содржи навреда или клевета и
- се кршат заштитени интереси од трети лица.

16. ОГРАНИЧЕНИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

Според македонскиот Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета надоместоците за нематеријална штета за овие дела за новинарите се ограничени. Максимална нематеријална штета за новинар судот може да досуди до 2 илјади евра, за уредник до 10 илјади евра и за медиумот до 15 илјади евра.

Ваквите надоместоци овозможуваат судот да изрекува пропорционални надоместоци зависно од специфичноста на секој случај. Со тоа што надоместоците се од нула значи дека судот може да утврди навреда или клевета, но да не определи надоместок поради тоа што навредата и клеветата не предизивикале штета на честа и угледот на тужителот.

Таму каде што е предизивикана одредена штета судот може да изрекува симболични надоместоци повеќе како морална санкција на новинарот и морална сатисфакција на тужителот од друга страна.

Највисоките надоместоци се предвидени за екстремни случаи кога новинарот свесно ја злоупотребува професијата и континуирано клевети со единствена цел и со зла намера да предизивика штета на честа и угледот на оштетениот. Максималните надоместоци се предвидени за примери кога новинари ги злоупотребуваат медиумите за пресметка со други лица и за заштита на други интереси, а не за објективно информирање на јавноста. Овие надоместоци може да се изрекуваат кога новинарите не ги почитуваат професионалните стандарди и етика и не заштитуваат јавен интерес и не ги објавиле нивните приказни со цел да поттикнуваат јавна дебата за прашања од јавен интерес на граѓаните.

Треба да се истакне дека судот при одредување на надоместокот за наматеријална штета треба да ги има предвид сите околности. Пред се, тој треба да утврди дали новинарот и медиумот понудиле извинување, дали објавиле демант и презеле се што било во нивна моќ да се намали штетата. Освен тоа, судот кога ќе утврди надоместок треба да води сметка и за материјалната состојба на осуденият новинар.

17. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ТУЖБА

Тужителот може да поднесе тужба за надоместување на нематеријална штета за навреда и клевета три месеци од денот кога дознал за навредливите и клеветничките изјави против него, со кои било предизвикано штета по неговата чест и углед, но не подоцна од една година од денот кога изјавата била дадена пред трето лице.

Ако тужителот умре во текот на судскиот процес, негов наследник може да ја продолжи постапката ако поднесе барање за тоа, најдоцна три месеци од смртта на тужителот.

18. ИТНОСТ НА ПОСТАПКАТА

За да се избегне можноста тужбите за клевета да се одолговлекуваат и да се користат како средство за притисок врз медиумите, во Законот е предвидено постапката да биде итна. Во членот 22 од Законот се вели дека кога е поднесена тужба против новинар или медиум, судот е должен постапката да ја започне

во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на тужбата. Судот постапката ја води без одоложување, во разумен рок, со што помалку трошоци и да ја спречи секоја злоупотреба на правата на странките.

19. ПРИВРЕМЕНИ СУДСКИ МЕРКИ

По поднесување на тужба, на барање на тужителот, судот може да одредува привремена судска мерка за да се спречи понатамошно објавување на навредливи и клеветнички изјави. Привремените мерки, според членот 23 од Законот, може да се одредуваат само за навредливи или клеветнички изјави кои веќе се објавени и ако нивното понатамошно објавување би предизивикало непоправлива нематеријална штета.

За привремени мерки судот одлучува три дена по приемот на барањето и забраната се однесува само на конкретна навредлива или клеветничка изјава. Судот може да го одбие барањето за изрекување на привремени судски мерки ако во конкретниот случај постојат основи за исклучување на одговорноста за навреда и клевета.

V Дел

ДЕСЕТ НАЧИНИ ДА СЕ ИЗБЕГНЕ КЛЕВЕТА ВО МЕДИУМИТЕ

Доброто законодавство и добрата судска пракса не може да ја елеминира целосно опасноста новинарите и медиумите да не бидат тужени за клевета и навреда. Затоа во светот медиумите ги обучуваат новинарите со тактики на пишување за да ги намалат можностите да бидат тужени. Не ретко луѓето од шоубизинисот во светот добиваат високи надоместоци од медиумите поради клевета или нарушување на приватност.

Еве десет начини како новинарите и медумите можат да ја намалат можноста да добијат тужба за навреда и клевета.

1. ПРОВЕРУВАЈ ГИ ФАКТИТЕ

Основната обврска на секој професионален новинар е да ги провери фактите со кои располага пред што било да напише или да објави во медиумот каде што работи. Тоа значи дека новинарите треба да водат сметка за јавно кажаниот збор зашто во спротивно тоа може да повлече одговорност.

Новинарите треба да знаат дека може да бидат предмет на судски спор дури и ако пренесуваат туѓи изјави. Јасно е дека одговорноста на авторот на изјавата е поголема, меѓутоа, доколку клеветничките изјави сериозно ги нарушуваат честа и угледот на оштетениот, одговорност може да понесе и самиот новинар и медиум што ги објавува тие изјави. Пред се, новинарите треба да бидат внимателни кога пренесуваат туѓи изјави во кои се говори за факти и тие не треба да се земаат здраво за готово. За да биде сигурен дека нема да има

проблем, најмалку што може да направи новинарот е да ја запознае засегнатата страна со обвинувањата од трето лице и да побара коментар. Тоа значително ќе ја намали одговорноста на новинарот ако оштетениот по објавувањето на текстот одлучи да тужи.

За да се намали опасноста од тужба новинарот треба да се изрази јасно и недвосмислено за да не се даде никаква можност на одбраната на тужителот пренесеното да се протолкува на различни начини. Често пати искуството покажува дека странките што тужат се фаќаат за детали кои се недоречени и двосмислени.

Најдобра заштита за новинарите е да пишуваат за работи коишто може да ги докажуваат на суд ако евентуално бидат тужени. Се друго претставува ризик, но тоа не значи дека новинарите не треба да пишуваат за битни работи, кои тешко се докажуваат, но сепак постојат сериозни сомневања. Затоа подолу ќе објасниме и други техники, со чија примена ќе може да објавувате приказни пресметувајќи го ризикот.

Доверливите и добри извори на информации ви се од голема помош кога пишувате за сензитивни прашања, коишто можат да го предизивикаат гневот на лицата за кои пишувате. Кога имате информации од прва рака, обично и засегнатите лица не се одлучуваат да поднесат тужба затоа што самите пренсесени информации ќе им сигнализираат дека сте на сериозна трага и најчесто се обидуваат нив да ги премолчат.

Но најсилна заштита за еден новинар е кога за приказната нема само сериозни извори на информации, туку тие извори обезбедуваат и документи коишто ви ја поткрепуваат вашата приказна. Преку нив многу лесно ќе можете да ја докажете вистинитоста на фактите и да бидете ослободени од одговорност во случај на судска тужба.

2. ЗАПОЗНАЈ ГИ ЗАСЕГНАТИТЕ СО СИТЕ ФАКТИ И ПОБАРАЈ НИВНА ИЗЈАВА (AUDIATUR ET ALTERA PARS)

Никогаш не пишувајте приказна заснована само врз еден извор на информации без разлика колку фактите со кои располагате се очигледни. Не објавувајте приказна без да ја запознаете засегнатата страна со сите обвинениј а. Барајте одговор на сите факти, при тоа вашето барање за коментар пожелно е да биде написмено. Оставете трага на разни начини дека навистина сте побарале коментар за обвинувањата. Тоа можете да го направите преку мобилен телефон, повици, СМС порака, трага преку електронска пошта или социјалните медиуми.

Немојте да пишувате без да бидете сигурни дека лицето од кое барате коментар за наводи против него ги видел повиците, ја видел пораката или го читал мејлот или ја видел пораката на социјалните мрежи. Често пати новинарите грешат кога извлекуваат брзи заклучоци дека лицето од кое бараат изјава не сака да коментира и дека свесно се крие оти нема што да каже. Ваквите брзи заклучоци може да ве наведат да ја напишете приказната, а после да се утврди дека лицето од разни причини не било во можност да одговори на телефон, да прочита пошта или да одговори на пораки на социјални мрежи. Освен тоа добрите новинари не бараат коментар или изјава пред затворање на весникот или кратко пред вестите, туку на засегнатите им даваат разумно време да ги прочитат обвинувањата, да ги видат фактите и да го спремат одговорот. Разумното време за одговор не треба да се мери со часови, туку со денови. Кога ќе го добиете одговорот, пренесете ги битните елементи со добра намера, без да се обидете да ги протолкувате на ваш начин.

3. ИЗНЕСУВАЈ КОНТРААРГУМЕНТИ ШТО ОДАТ ВО ПРИЛОГ НА ЗАСЕГНАТИОТ

Ако и покрај разумното време на чекање одговор, засегнатата страна не се огласува, вие мора да бидете фер кон него кого пишувате за работи коишто можат да ги нарушат неговата чест и угледот. Бидете негов глас кога ја раскажувате приказната со тоа што ќе изнесувате аргументи кои одат во негов прилог. Исто така, мора да бидете отворен кон публиката и треба да ги кажете и темните страни на приказната коишто не сте успеале да ги расветлите. Тоа може многу да ви помогне пред суд ако бидете тужени, бидејќи со тоа ќе покажете дека сте постапиле со добра намера и дека не сте имале никаква зла намера да наштетите на честа и угледот на лицето за кое пишувате, туку дека сте пишувале во јавен интерес.

4. ВНИМАТЕЛНО СО ЗАКЛУОЦИ

Многу корисен совет ако сакате да не добиете тужба за клевета е да не брзате со заклучоци кога ги пишувате вашите приказни, туку да користете внимателен речник. Во сензитивни приказни секој збор треба да би биде одмерен.

Меѓу редови немојте да сугерирате дека некој сторил некакво кривично дело или се огрешил пред законот. Тоа е сепак тешко обвинување. Пример,

ако напишете дека Никола Николовски е корумпиран, тогаш навистина треба да имате дебело досие од документи што ќе ви помогнат да го докажете тоа на суд. Но ако немате такви цврсти докази, а сепак се сомневате дека има елементи на корупција, тогаш ќе користете помек речник и ќе речете дека Никола Николовски е осомничен за корупција или најсилна ограда би било дека полицијата треба да испита дали Никола Николовски е вмешан во корупциски скандал.

За македонски контекст во овој дел е битно да се потенцира дека новинарите мора да бидат многу внимателни со донесувањето заклучоци со оглед на политизацијата на медиумите и жестоката политичка пресметка меѓу разни политички актери на јавната сцена. Политичките партии користат тешки меѓусебни обвинувања и со тоа новинарите и медиумите би можеле да бидат вовлечени во туѓи битки и да станат злоупотребени за политичка пропаганда. Во оваа бескомпромисна пресметка новинарите и медиумите можат да бидат колатерална штета.

Новинарите посебно треба да бидат свесни дека партиите спинуваат приказни и се служат со полувистини, кои ќе изгледат поверодостојни за обичниот граѓанин. Партиите знаат деа во модерниот политички маркетинг никој не купува очигледни невистини, туку секој ќе се обидува да ја краси невистиниата со некој вистинит факт. Улогата на новинарот и медиумите не е да го продаваат спинот на партиите, туку напротив да го деконспирираат него.

Не ретко одговорните за односи со медиумите во политичките партии се обидуваат да продаваат таканаречени ексклузивни приказни. Новинарите никогаш не треба да ги сфатат овие приказни здраво за готово. Затоа мора секогаш да направите проценка на довербата на вашите извори на информации. Колку и да постои ризик да се пробие ексклузивноста на информацијата, мора да ја проверите, најмалку да побарате објаснување од луѓето кои се инволвирани во приказната. Никогаш не знаете кога вашиот извор на информации ќе може да ве издаде. Колку и да биде кредибилен извор изненадувања не се исклучуваат затоа што интересите на двете страни се различни. Да не се изненадите, секогаш проверете ги информациите.

Македонските новнари од искуство знаат дека во изминатиот период биле злоупотребени од колеги или уредници преку подметнување на приказна. Многу новинари се изгорени од купување на таканаречени ексклузивни непроверени приказни. Затоа, младите новинари мора посебно да бидат внимателни се секој извор на информација. Тоа значи дека секоја информација без исклучок мора да се провери колку е тоа можно повеќе.

5. ОЧЕВИДЦИТЕ ПОДГОТВЕНИ ДА СВЕДОЧАТ НА СУД

Честопати новинарите известуваат под притисок на време кога во недостиг на проверени ифнормации како главен извор на информации се очевидци. Во тие ситуации новинарот нема многу маневарски простор да ги проверува сите факти. Во отсуство на официјални информации, на новинарите не им останува многу избор и затоа мора да користат и неофицијални информации. Искусните новинари знаат дека овие неидентификувани извори се меч со две сечила. Тие некогаш се многу корисна алатка да стигнете до битни информации, меѓутоа, не секогаш овие извори можат да бидат веродостојни.

Во вакви ситуации најдобро е новинарот да ги праша овие лица дали ако биде потребно би биле подготвени да сведочат на суд и таму да го повторат она што го имаат изјавено за новинарот. Тоа може да биде начин да го тестирате изворот на информацијата дали изјавата како сведок на некој настан или пак информацијата ја пренесува од трето лице, а ја прераскажува како да била негова.

Ако овие извори на инфромации не се подготвени да сведочат на суд по потреба, тогаш новинарот мора да ја зачува извесен период целата евиденција од контактите и разговорите со изворот. Мора да ги чува белешките од разговорот, да го снима разговорот или изјавата. После разговорот може по мејл или телефон уште еднаш да го комуницирате изворот и да се обидете да обезбедите трага за содржината на разговорот и наводите во неговата изјава или сведочење за некој настан. Тоа може да биде корисен доказ во текот на судската постапка дека сте имале веродостоен извор на информации и дека повикувањето на неофицијлани информации не ви е начин да сервирате на јавноста лични ставови за некое прашање.

Ако уредникот инсистира да објавите некоја приказна и покрај тоа што вие не сте сосема сигурен во фактите со кои располагате, тогаш омекнете го јазикот. Ако бидете принуден да пишувате текстови со клеветнички изјави, тогаш одбијте да се потпишете. И на крај, ако сте уверен дека приказната која треба да ја пишувате е лажна, одбијте да пишувате. Со тоа ризикувате не само да ве тужат и да бидете казнет за клевета, туку свесно да го изгубите и вашиот професионален кредибилитет како новинар, на кого професијата му наложува да трага по вистината.

6. БАЛАНСИРАН И ОДМЕРЕН ТОН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Начинот и тонот на известување во многу околности можат да ви помогнат да немате главоболки со судски тужби за клевета. Тоа значи дека вашето известување треба да биде избалансирано давајќи им еднаков и фер третман на сите инволвирани страни во приказната. Таа цел ќе ја постигнете ако се обидувате да не заземете страна, вашите чувства и мислења да ги држите настрана од приказната, без разлика што тоа не секогаш е лесна цел за постигнување.

Имајте дистанца од изворите на информации. Не делете ги вашите актери во приказната на добри и лоши момци, немојте едните да ги осудувате, а другите да ги сожалувате, туку обидете се реално да ги претставите нивните ставови и коментари. Тоа значи дека постојано се обидувате да не заземете страна, туку работите да ги гледате од страна, и да не се инволвирате лично во приказната.

Посебно треба да се внимава на начинот на пренесување на ставовите на вашите извори на информации, посебно ако во цитатите има клеветнички информации за другите. Мора да направите јасна ограда дека тоа се ставови на изворите, а не дека се факти или во никој случај дека тоа е ваш впечаток или заклучок.

Во овој контекст најбитно е да не користите озборувања во приказната затоа што тие нема да ви помогнат да фрлите повеќе светло на прашањето за кое пишувате, туку непотребно ќе го оптоварите текстот, ќе ја збунувате јавноста и непотребно ќе се изложувате себеси на ризик. Озборувањата може да ви користат како повод да истражувате нешто, но тие никако не смеат да ви бидат основен извор на информација, врз кој ќе ја создавате вашата приказна.

Освен тоа морате да внимавате и на тонот на известувањето, да не биде агресивно и со премногу драматизирање на фактите.Морате да бидете ослободени од сензационалистички пристап на раскажување на приказната ако навистина нема серизона причина за тоа, како што е заштита на висок јавен интерес, со цел да поттикнете брза реакција на одговорните институции.

Сензационалистички начин на известување посебно треба да се избегне кога се известува за елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки и друго.

Во други ситуации, сензационалистичкиот пристап на известување може да донесе поголем тираж за вашиот весник или поголема гледаност или слушаност на телевизијата или радиото, но со тој пристап можете да повредите некои луѓе и да ги поттикнете нивните права да ги заштитат на суд.

7. КОРСИТЕТЕ ЈАЗИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ НА МИСЛЕЊА

Обично се говори дека новинарите можат да пишуваат се само треба да најдат соодветни зборови да го кажат тоа. Во ова изрека има доста вистина, но секако дека добрите новинари секогаш знаат да не ја пречекоруваат црвената линија и не ја злоупотребуваат ваквата повласетна позиција на обраќање на јавноста.

Пред да се објаснат техниките за пишување, овде битно е да се потенцира основниот принцип на новинарството дека новинарот треба да прави разлика меѓу веста и коментарот. Едно е да изнесувате факти, друго е мислење. Фактите треба да ги докажувате, а за мислењата изразени во коментар искажани со добра намера ќе имате попривилегирана одбрана поради улогата на медиумите во едно демократско општество во креирањето на јавното мислење и поттикнувањето дебата за прашања од јавен интерес.

Користењето на техниките на изразување може да се применува кога новинарите обвинуваат некого за тешки дела. Знаете дека ако обвинувате некого за криминал или за лажење морате да имате цврсти докази, затоа што менталната состојба на некој е неможно да се докажува. Затоа подобро зборувајте за неговото однесување, отколку да извлекувате заклучок. Пример, подобро кажете дека тоа што тој го рече е лажно, место дека тој лаже или дека тој е лажго.

Кога новинарите имаат проблем да ги поткрепат нивните приказни со цврсти факти, тогаш треба да ги користат техниките за користење на јазик за изразување на искрени и генерални мислења, а не јазик како да пренесувате веродостојни факти. Во случај кога изразувате ваши мислења и ставови користете конструкции на реченици во форма јас мислам, изгледа, се чини, наводно и друго. Освен тоа може да се користат и вредносни фрази. Место да речете, засрами се, кажете јас мислам дека неговото однесување беше срамно.

Битно е да се направи и разлика меѓу изразување на сопствени мислења или пренесуваат туѓи изјави. Кога пренесувате туѓи изјави морате јасно да се оградите со тоа што ќе речете, тој верува, тој се сомнева, тие велат и друго. Со тоа ја избегнувате опасноста работите да се сфатат здраво за готово. Во исто време ќе направите две огради, првата дека тоа не е ваш став или мислење и второ дека тоа што се изнесува не мора да биде и вистина, туку е само размислување на вашиот соговорник. Оставате јавноста да процени за веродостојноста на таквите размислувања на изворот.

Друга форма како да избегнувате речник на изнесување факти, се реторичките прашања. Место да речете дека злупотребата на јавните фоднови

е корупција, ќе речете нели злоупотребата на јавните фондови може да се третира како корупција. Навидум нема голема разлика, но во случај да бидете тужени, вашиот адвокат ќе има полесна задача да ве одбрани во вториот случај кога користете реченица во форма на реторичко прашање.

8. СТАВИ ГИ СИТЕ ЕЛЕМЕНТИ НА ЕДНО МЕСТО

Новинарите никогаш не треба да заборават да направат разлика меѓу сомневања и факти. Не треба да се рече дека некој е корумпиран само затоа што во јавноста се шпекулира за неговото наводно коруптивно однесување или дури само ако властите покренале некое обвинение против него за корупција. Тоа значи дека новинарите треба да ја почитуваат пресумпцијата на невиност на граѓаните. Секој е невин се додека не се докаже спротивното. Едно е некој да е корумпиран, друго е обвинителството да успее да ја докаже неговата инволвираност во коруптивна афера. Затоа немојте да кажувате дека, на пример, Петре Петровски е корупмпиран, туку ќе кажете дека Петре Петровски е осомничен за корупција.

За да сте сигурни дека нема да бидете тужени за клевета ако пишувате за некој за кој се шпекулира дека е корумпиран, тогаш ставете ги сите елементи што ги знаете на едно место. На пример, Петре Петровски е службеник во општинската администрација за урбанизам, за него има жалби од граѓаните за одолговлекување на предметите што тој ги води, дека на негов реон се гради надвор од урбанистичкиот план, дека неговата имотна состојба се подобрила значајно откако е вработен во секторот за урбанизам, купил нов стан, нов автомобил и затоа постојат основи за сомневање дека Петре е корумпиран.

Еден од клучните начини на избегнување судски тужби е дека новинарите кога пишуваат мора да имаат на ум со кого имаат работа. Не сите луѓе во општеството сакаат да тужат, некои тужат повеќе, некои помалку. Посебено треба да бидете внимателни кога пишувате за политичари, бизнисмени и луѓе од естрадата. Тие се најсклони кон поднесување тужби ако се објави некоја информација, која би можела да им наштети на нивните интереси.

Тие можат да тужат и тогаш кога немаат многу аргументи во нивна рака против вас, туку ќе се обидат да ја користат нивната повластена позиција во општеството, да се обидат барем привидно да го задржат нивниот добар имиџ во јавноста. Поради нивната финансиска благосостојба тие имаат можност да ангажираат добри адвокати и доколку не сте биле доволно внимателни во вашето пишување, може да се фатат за ситни пропусти во вашиот текст. Ако

не можат да ве осудат, тогаш за нив би било прифатливо само да ве влечат по судови и да ве вознемируваат. Најсреќни ќе бидат ако успеат да ве заплашат и повеќе во иднина да не се занимавате со нивната работа.

„Ризична" категорија склона кон поднесување тужби против новинари се и полициајците, адвокатите, но секако и самите новинари. Внимателно со приказни против нив. Направете добро истражување и бидете сигурни за фактите пред да пишувате.

Во вакви деликатни ситуации од помош можат да ви бидат и советите на специјализирани адвокати, кои можат да ви дадат корисни совети дали во текстот има клеветнички изјави за кои може да сносите одговорност. Познато е дека адвокатите некогаш се поставуваат како „убијци" на приказни. Тие премногу се внимателни и на медиумите им сугерираат да не објавуваат одредени приказни, меѓутоа, сепак крајниот збор треба да го има самиот новинар и неговиот уредник дали некоја приказна ќе се објави или не. Некогаш вреди и да бидете тужени ако сте сигурни во тоа што го пишувате без разлика на последиците. Сепак, јавноста има право да знае, а медиумите мора да им го овозможат тоа. Ако новинарите бидат ставени во позиција да ги докажуваат сите работи за кои пишуваат, тогаш тие ништо не треба да пишуваат.

9. ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ЈАВНИ НАСТАНИ

Кога известувате од јавни настани постои помал ризик да бидете тужени за клевета ако известувате правилно, точно и со добра волја. Правилно известување значи веродостојно да ја пренесете атмосферата од настанот, точно да ги пренесете изјавите од учесниците и да не заземете страна, вашето известување да биде неутрално.

Вие како новинар ќе имате поголема слобода да изразувате ваши ставови и мислења ако пишувате за актуелни политички прашања и вистински сте вклучени во политичката дебата со добра волја со тоа што ќе го промовирате јавниот интерес на граѓаните преку споделување информации и анализи, кои ќе им овозможат ним да бидат подобро информирани.

Известувањето од апсења, истраги и судски и законодавни постпаки да биде прецизно, целосно, фер и непристрасно. Известувањето ќе биде прецизно ако давате точни квалификации дека некој е обвинет, а не да дозолувате некој да ви додели улога на гласноговрник на полицијата или обвинителството, кои можат да тврдат дека некој извршил некое кривично дело, но тоа е само сомневање, не е факт. Новинарите треба да ги знаат добро судските постапки

и да не прогласуваат некој виновен за нешто пред тоа да го утврди судот. Дури и кога некој ќе биде првостепено осуден за некое дело, не треба да пишувате дека тој е виновен за нешто, туку дека судот смета дека тој сторил некое дело. Ако обвиниетиот не го признава делото, морате тоа да го кажете и во случај да најавил жалба на апелација и тој факт треба да се истакне посебно за да се даде јасна слика на јавноста дека случајот не е завршен и дека правдата се уште не го има кажано последниот збор.

Известувањата од овие постапки ќе бидат целосни ако новинарот ги пренесе битните елементи од целата постапка, а новинарот ќе има фер однос ако ги пренесе најбитните искази од инволвираните страни давајќи им ист простор колку е тоа можно. Непристрасно известување значи кога новинарот не навива за една од инволвираните страни во некоја постапка, туку се обидува известувањето да биде неутрално, без прогласување на жртви и насилници.

10. ДЕЈСТВУВАЈ ЕТИЧНО

Најсилна заштита за новинарите од тужби за клевета е стриктното почитување на професионалните и етичките стандарди на новинарството. Во сите демократски земји новинарските организации имаат донесено етички кодекси за новинарите, каде се изградени професионални и етички норми за однесување на новинарите. Целта на овие кодекси е да се промовира професионално и етичко новинарство и да се направи јасна разлика меѓу добрите новинари и злоупотребата на новинарството како средство за пропагадна од политички и економски центри на моќ. Не случајно се тврди дека името новинар го заслужува само оној што го почитиува етичкиот кодекс на професијата.

Исто така, и во Македонија, новинарската заедница има донесено Етички кодекс на новинарите. Кодексот е усвоен во 2001 година и се смета за еден од најдобрите во Европа.

Македонскиот Кодекс на новинари има дефинирано 17 принципи и доколку новинарите ги почитуваат нив ќе создаваат една добра заштита од евентуални судски постапки против нив. Со нивното почитување сигурно ќе направите многу помалку грешки во вашата секојдневна работа.

Поради природата на работата нема новинар кој во својата кариера не направил некоја ненамерна грешка. Грешките се случуваат и тие не можат

целосно да се елиминираат, особено за новинарството како многу динамична професија, која е толку изложена на судот на јавноста.

Новинар кој води сметка за етичките норми на новинарството не се воздржува да ја признае грешката и да се извини на лицето на кое му предизивикал некоја непријатност или неправда. Тоа никако не смее да се смета како слабост, туку како знак на професионална зрелост. Со тоа покажувате дека жалите за грешката и се обврзувате дека во иднина ќе бидете повнимателен во вашата работа и нема да ги повторите грешките.

Обично повеќето луѓе се склони да простуваат ако ја признаете грешката и ако понудите начини да ја исправите грешката и да ја намалите предизвиканата штета со некој ваш текст. Во соработка со вашиот уредник потрудете се навремено и на соодветно место да се објави демант или исправка. Ако сакате да бидете до крај чесен не само кон лицето на кое сте му згрешиле, туку и кон јавноста, навратете се на старата приказна за да се објасни контекстот на приказната и да се презентираат нови факти.

Ако и покрај сите ваши напори да ја намалите предизивиканата штета, засегнатото лице покренува судска постапка, повторете го истиот однос и во судницата. Прифатете ја грешката, изразете искрено жалење за предизивиканата штета. Верувајте дека со ваквиот однос ќе ја добиете симпатијата на судијата, иако немате многу елементи за да се одбраните. Ако судијата не ќе може да ве ослободи, тогаш сигурно ќе поминете со некоја поблага казна.

Едно од златните правила на професионалното новинарство е постојаната проверка на фактите, со која ќе ги минимизирате грешките и ќе ги избегнете судските тужби. Вашите проверки на фактите мора да се видливи и секогаш имајте најмалку два извора на информации. Не пишувајте за работите што не ги знаете или не можете да бидете сигурни. Затоа ограничете се на она што го знаете. При тоа секогаш мора да сте внимателен затоа што секој ваш збор може да задира во интересите и правата на граѓаните. Ако не сте сигурен во веродостојноста на изворот, тогаш обајснете дека се работи за шпекулација.

Ако сте тужен за клевета за прашање поврзано за јавен интерес и во текот на обработката на темата сте постапиле одговорно, ќе имате привилегирана одбрана. Таквата позиција за новинарите и медиумите е обезбедена во

европски земји каде што Европскиот суд за човекови права има јурисдикција. Европскиот суд има создадено пракса која во голема мера ги заштитува новинарите кога пишуваат за прашања од јавен интерес со намера да предизивикаат дебата во општеството. Но таквата заштита постои само во случај кога новинарот се придржува кон професионалните стандарди и етика.